


# Моите забелешки во интернетот

## 2022

# Дедо Мраз

gordan 04.01.2022

Дедо Мраз, Свети Никола, Николаус, Самиклаус, Вајнахтсман …
Не е лесен животот, и сфатлив, за еден човек кој е роден во Федеративна Народна Социјалистичка Поранешна Југословенска Република Северна Македонија.
Роден и израснат во најубавиот период на социјализмот. Научен на ред, респект и почит. Уживател на СИТЕ празници.
Да, празниците во тоа време, како дете, ги уживаме скроз. Ќе почнеше со Новата година, па Коледица, па Бадник, Св. Андониј, Св. Трипун, (знам треба да се напиши Св. Трифун) па ПРВИ МАЈ (со големи букви оти беше голем празник-дводневен), Ѓурѓовден, 25 Мај – денот на МЛАДОСТА!!!, Дуовден, Петровден, Илинден, Преображен (ногу битен, во некои региони во Македонија дури после него можеше да се продава грозје), ГРОЗДОБЕРОТ, 11 Октомври, 29 НОЕМВРИ (празник НАД празниците!!!), и пак Нова година… и така угу. И плус уште некој патронат, некој именден, некој роденден.
И тогаш се знаеше за секој празник кој шо работе, кој шо празнува. За Коледица се палеа оѓини, за Бадник се бараше паричката, за Св. Трипун се закопуваше паричката у лојзто. На 2-ри Мај, од кога на 1-ви ќе се исполнеа сите смотри, се одеше на уранак!!! На 25 мај пак претстави и песми по школите. На Дуовден и Петровден на слави по селата. Гроздоберот, оооо гроздоберот! ПРАЗНИК у Кавадарцито, од концерти до Карневали па у најубавото време и трки со мотори по улиците со коцки . За 11 Октомври па ние со моторките вОприлеп… На 29 Ноември покрај СЕТА пионерска гордост уживање у пресните џимиринки… За Новата година се радуваме на портокалите, мандаринките и чесињата од Дедо Мраз.
И помина тоа.
Од Социјалистичка Федеративна Република Југославија ни остана само Република Македонија, а Гого и тоа го напушти, замина во "Белиот Свет"!
Веќе неколку години практикувам кога некој ќе ме праша: "А вие од каде доаѓате, мислам потеклото од каде ви е?" да одговорам: "Јас доаѓам од едно друго време!"
Така одговарам затоа што не знам, а и не можеш да објасниш како и тоа таму од каде што доаѓам, не е тоа што беше. Демократијата, самосталноста, економскиот напредок, европските вредности, и сето тоа шо се очекуваше и за што се "бореа" извесни структури од Македонија направија "Бананен републик" како од нај евтините холивудски акциски филмови (со ниа четвурицата: Жан Клод Ван Дам!).
А тука, тука во новата ми татковина пак некако други обичаи. Друг пристап кон празниците… А и Дедо Мраз немат. Сеа до душа они имат и Николаус и Самиклауз и Вајнахтсман ама јас уште не разбрав кој е кој и за шо е одговорен! Само имам слушнато дека еден од тиа е створен од страна на најголемата светцка фирма за преработка на шеќер – Кока Кола! И со помош на убава реклама и "вистински" прикаски направија од него нај профитабилен соработник.
Времето околу Божиќ и Нова година ме бендисува оти има ногу ламбички и

украси кои стварно си ја бркат убаво работата и зрачат топлина. Мене многу ме нервира шо ламбичките уште пред 29ти ноември ги закачуват и светнуват, ногу пред! И таман ќе помине "први први" ги снемува уште побрзо од колку што долго пред тоа светеле.
Едно време пробаа и ноа "ХАУОЛОВИН" ?!?!? да го истуркат, уметнат, ама не им успеа ногу, т.е. не можеа да го мобилизираат народот да купува такви непотребштини, па почна уште крајот на октомври да го продаваат Самиклаус или Николаус.
Да полека ама сигурно се губи "Новогодишната магија". До душа, тука во мојата втора татковина, Новата година од никогаш не била славена како во мојата прва, бидејќи обртно пропорционално традиционално повеќе се слави Божиќ.
Е сега, од страна гледано, мојата прва татковина делува како по лојална за прифаќање на сѐ и сешто. Па така се слави се што може да се прифтаса, па ако треба за добрите односи со ирската заедница ќе го славиме и "ХАУОЛОВИН" ?!?!? АМА за тоа ќе се укинат 29ти Ноември и 1ви Мај . За тоа што за тие празници никој ништо не ни подаваше. За тие празници бевме среќни и радосни и поносни шо сме дел на една убава дружина.
Сега не се доволни триаголните знаменца растегнати цик-цак над главните улици, ни разгледниците напишани на рака, не се седи пред телевизорот и се гледа вистински свечена и празнична програма на една од двете програми!!!
Си исчеститаме и Нова година и пријатни празници и еве веќе два денови полека ама сигурно сме во "Новата година" која и покрај сите нај јаки желби и посакување не гази убаво и квалитетно како и претходната и таа пред претходната и како многу пред нив. На 3-ти јануари почнавме да работиме и нервозните соучесници во сообраќајот (кои за момент, неколку денови, помеѓу Божиќ и Новата година одмараа) повторно се помеѓу нас, најчесто зад мене.
Повторно се сите тука оние на кои Новата година не им донесе сознание како се вози на кружен тек, како се престројува од две во една лента, оние кои на семафорите упорно чекаат да светне зелено за да прекинат со барањето нешто на радиото и ја отпочнат постапката со стартување и подвижување на автомобилот.
НЕ. Дојде годината со број 2022, и ако нај нова, како што волкот го менува влакното ама вроденото не, така и човекот како нај интелигентно животно нема ногу работи да промени од една во друга бројка.
Единство шо ни донеси најновата или поточно речено шо ни "донесија" е стравот да човечки си ја честиташ новата година и го гушнеш ближниот
И така брзо и сигурно почна НОВАТА година и заврши "времето на ламбички" па вратени во "нормалниот" живот и во реалноста повторно ќе чекаме нешто.
Ќе чекаме да дојди некој празник, ќе чекаме да поминат дневните вести за тоа колку бројки денска имало, ќе чекаме да поминат препораките како треба да се живее за да бидеш нормален, ќе чекаме… да дојди Дедо Мраз, едниот и единствениот – и вистинскиот!












# LILU

gordan 13.01.2022




Фотографирањето како дисциплина за релаксирање го практикувам веќе неколку години. Ретко, ногу ретко, скоро ич, не сум тргнал некаде со ниет да направам убава или фантастична или единствена фотографија. Нормално, по некогаш се ствара ситуација да на "местото на настанот" се направи случајно убава серија, која има лик на промислена "сценографија".

Луцерн, во Кантон Луцерн од Швајцарската Конфедерација, вечерна прошетка. Со мене (нас) и мојот верен сопатник – CANON. Времето променливо, се менува помеѓу врнење дожд, врнење снег и "освежувачки" ветар (да не речам ладен). Во градот на светлината Луцерн оваа недела и "Фестивалот на светлината" во гости! НОРМАЛНО неколку десетици фотографии ќе се направат сакал ти или не. И така се враќаш дома ги разгледуваш фотографиите и викаш, е да беше… И така другата вечер повторно таму ама овој пат со статив. Не дека помогна нешто. Од дваесетина инсталации, дали една две се со "не подвижна" светлина.

И така, ќе се распрашуваш по "колегите" кој, кога, како, за да на крајот дојдеш до неизбежното, … ама знаиш, во фотошоп уште малку… МЕРСИ (по француски) не немам мерак моментално да се занимавам со обработка на фотографии со компјутерот.

Тоа е тоа, сурово, 1:1, од картичката преку компјутерот во интернетот…

https://foto-gogo.ch/album/lilu22/

# Шо мислеме, шо испадна…

gordan 24.01.2022




Во дигиталната фотографија само два филтери (уште) не можат да се заменат со дигиталната обработка, ‶неутралниот сив‶ и ‶поларизациониот‶ филтер.

Првиот викенд оваа година без обврски и планови. Идеално време за прошетки, така без термин и без цел. Испадна прошетка од еден од нај големите градови во Швајцарската Конфедерација до едно од нај живописните предели во неа.

Убаво беше и таму и таму.

Недела, сонцето сјае ѓоа се спрема за олимписките игри, а температурата тврдоглаво стое некоја цртка под нулата – цел ден. Па ајде ако нема температура, нека биде сонце скроз!

И шо ми текна да се по разбуричкам по тоа кутиите и да земам еден филтер, ПОЛ-филтер. Сега м и е криво. Испаднаа неколку добри фотографии, ама на неколку тој, филтерот а покажа сета своја негативност…

Поминувачка нека има…
Од сега па до следното одлучување, да земам јас пак филтер, а тоа ќе биде во иднина, далека иднина…


FOTO
GOGO

# Страв од клик!

gordan 28.01.2022



Ќе чекам на ќошто.
Една од нај користените реченици за договор. По некогаш и тоа не мораше да се каже. Се знаеше која екипа у колку саатот каде се собира. Кои кафиЌи "наши" беа и по која програма поминува денот или вечерта.

Имаше и време кога, по касно, во туѓината пуста да остане, се створи повторно екипа за дружење и како швајцарски саат секоја среда во толку саатот беме таму, а во сабота во толку саатот беме таму.

Се појавиа и првите мобилни телефони во Швајцарија наречени "НАТЕЛ". Со нив можевме да се јавиме и да напишеме СМС. Тоа се случуваше кога не беше среда или сабота а требаше (сакавме) да се собереме.

Поминаа тиа таквите "обавезни" дружби. Сите ние добивме нови обавези и нови интереси. Индивидуални.
Нателите постанаа "смартфон", а и компјутерите постанаа средство за комуникација и "дружба".
Па така се повеќе поминуваме на виртуелно дружење.

Се појавија и "социјални мрежи". На почетокот ги избегнував ѓоа "синдикални ноќни школи", ама со времето си легнаме на брашното. Па ги користам можностите да ги споделам моите фотографии и мислачки со цел Свет…

И фацебукот и инстаграмот како платформи на кои ги споделувам моите фотографии веќе не се тоа што беа пред 7 – 8, или 3 години…
Забегана е работата. Инстаграм како "чиста платформа за споделување на фотографски моменти" прерасна у нешто измеѓу панаѓур и јавна куќа.

Фацебукот од првичната замисла на господинот Сссакерберг да биде платформа на споделба на личните активности прерасна у најголемото буњиште во интернетот…

Се повеќе ме фаќа страв да направам КЛИК на фацебукот и да разберам кој од моите ПРИЈАТЕЛИ шо направил / измислил.
Во последно време на секое "отварање" се појавуваат работини од стилот на ниа ланчаните писма од времето на ИТД и ПОЛИТИКИН ЗАБАВНИК кои те условуваа да испратиш 20 писма на други човеци инаку ќе те снајде несреќа, по математика ќе добиеш еденица, на фудбалот ногата ќе си ја скршиш и на крај и на комшијата козата ќе му умре…

Дали јас ако напишам дека имам проблеми со сајлата од рачната кочница на колата, дека веќе неколку денови ми забранија да свртувам во лево на раскрсницата на која 26 години сум свртувал во лево, дека на кафемашината е бележен иноксот и никако не се мие, дали и со мене некој ќе се сочуствува? Да. Ќе речете, тоа не се проблеми. А дали има големи и мали проблеми? Дали малиот проблем помалку неугодности ти прави? НЕ. Барем кај мене секој проблем предизвикува немир и несигурност. Угодноста која ни ја нуди WWW ногу ујгун ни дојди, на сите, поготово на генерацијата како мене која израсна без социјални мрежи во Социјалистичка Федеративна … Во време на безверие, во време кога секој проблем се криеше под тепих, во тесната фамилија. Кога беше срам да се лафе за двојката по хемија или за потпарените јајца. Кога за мртвите не смееше (И уште важи!!!) лош збор да се каже. Кога ќе "г'таш плунки" наместо да го отераш у три до четири пички материне "ближниот свој"…
СЕ со врховната помисла/правило: ШО ЌЕ ПОМИСЛАТ ЧОВЕЦИТЕ?!?!?

Е сега, благодарени на господинот Сссакерберг & Co. заштитени зад мониторот и со наострени прсти на тастатурата СЕ може да си кажиме/напишеме. Сега сите се сочуствуваме со "ранливите групи". Сега сите сме филозофи и мудреци на сите полиња. Сега сите на секој му честитаме сѐ и сешто…
А тоа сето го завршуваме со …. ЕНТЕР.




F.C. MAKEDONIJA

# у мислачки …

gordan 31.01.2022




Покрај "ќути, има и по лошо" и "поминувачка нека има", "ПО ПАМЕТНИОТ ПОПУШТА" е исто така суштински врежана во Македонското битие. Од тоа, "по паметниот попушта" дојдоме на воа дереџе.

Условен од годишното време и околностите, моментално имам доволно, дури премногу, време за размислување. Во последно време, губејќи го времето пред воа телевизорот, на социјалните мрежи, повторно ми дојде нагон да стиснам "одјава" + "ЕНТЕР". Со желба и надеж дека ќе се спасам од нападот на шкарт и кич кој полека ама сигурно се повеќе завладува со интернетот. Да, проработи ноа "по паметниот попушта", АМА па од друга страна си викам: ЗОШТО??? ЗОШТО треба, демек "по паметниот", да попушти? За да завладее глупоста?

НЕ. Не правам "одјава" + "ЕНТЕР"!!! Можеби нема да се акам толку по интернетот, ама она што го мислам дека е убаво, убаво ми се случило ќе го споделам. ЗНАМ, моето убаво нема да им биде убаво на сите, ама јас НЕМА да споделувам по интернетот вести и убавини од стилот "на бате у војската еден војнички му раскажал како на вујко му комшијата правел ногу благ мед!!!"

Викендот кој помина, ми помина во "планирање", реорганизирање на медијалните формати ми мои. Полека се изкристализира, фотографиите одад на еден компјутер, видеата на друг, а третиот е задужен за комуникација и презентација низ светЦките социјални мрежи и медиуми.
Во еден момент (подолго малку де) ми дојди идеја да фотографските видувања добијат сопствен јутубе канал. Да не се мешат фотографиите со видео записите

од моторциискиte ми возења. Клик тука, клик таму, ЕНТЕР и бидна, “новиот канал“ преработи. Одма пробното видео и …. помислата, ПОТРЕБНО ЛИ МИ Е ОВА??? И еве само неколку саати по касно, не сум ногу сигурен у “концептот“.

АЈ, ќе преспииме уште еднаш.
Да, сакам да ги споделувам убавините кои доживувам, и не, не сакам да се контаминирам со филозофии од (бело)светЦки самонаречени мислители. Па затоа моите фотографии ги расфрлав по ногу “чистокрвни“ фотопортали… и да, на јутубето. Не, не очекувам ни лајк, ни срце, ни било каква награда. Ако некој ја забележи и ужива малку истата убавина што јас ја уживам, доста е.
www.ristovski.ch и www.foto-gogo.ch се зборните места, тука има доволно “убави работи“ а од тука може човек да продолжи до многу други места за откривање на интересни работи…

п.с. по се изгледа, јутубе “понудата“ ќе си остане како до сега, или шо мислете вие???



# Денови на светЦката фотографија

gordan 08.02.2022

“Денови на ~~Македонската~~ светЦката фотографија“

Сè се движи, сè се менува…
Има кажано некој од ниа филозофите или физичарите кои не дојдоа во допир со “WWW“.
А во денешно време на глобална поврзаност, не да се движи, трче, лета !!!
Пред петнаесет години, за учество на фотографска изложба, од моите приложени осум фотографии шест беа со класична (аналогна техника, камера со филм, па развивање, па зголемување на хартија) и само две “пробни“ со дигитална изработка. Тука почна и мојот интерес за “уметничка“ фотографија, демек фотографираш за изложба. Изложбите беа во простории, галерии, па фотографиите беа изработувани во по големи формати, затоа што посматрачот не можеше да ја зголеми со “ширење на два прсти“!!! Тука, во тоа време, исто така го осетив она: Фотографијата на хартија (што по голем формат тоа по добро ☺ ) е крунисување на фотографирањето.

Времето се движеше, течеше, па ногу работи се измениja. Аналогната фотографија, дали во еден или два наврати (читај: еден – два филма) во годината ќе ми текне да ја “размрдам“. Фотографии на хартија? Ретко. Пет – шест за клубскиот годишен натпревар, и некоја за на ѕидот во станот (календарите не ги рачунам). И секоја година, за “Денови на Македонската фотографија“.
Не, на “Денови на Македонската фотографија“ до сега ни една моја фотографија не беше примена. Не се лутам. Пак ќе испратам. И знам, пак нема да биде примена ни една моја фотографија. Јасно ми е мене. Та не стискам на ноа чкрапалото од вчера. Јас годишно (во дигиталната ера) правам по едно 10 – 15’000 фотографии од кои едно 200 – 300 можат да се користат, кога викам да се користат, мислам дека толку фотографии без никакви интервенции можат да се користат за изложби, календари, постери и да останат за архив…
Знам, можам јас и само 2000 фотографии да направам и сите тие да ги дурдисам, или можам од ниа 10’000 да исечам, изшминкам, преправам и 5’000 да бидат потенцијални, АМА зошто? Имам ли потреба, желба? ЈОК.

Еве и сега, ќе седнам и ќе одберам четири од тие два-триста фотографии и знам, пак ќе поминат црнобелите портрети од некои си “измачени“ ликови…




# човече со мало цоце?

gordan 15.02.2022



Мистериите на Универзумот.
Има некои работи кои човек уште не можи да ги одгонетне.
Како снемува чорапи во машината за перење.
Како лозарите во Македонија уште не знаат за што се користи  грозјето.
И  како, ова денес повторно ме тера во очајување, ги снемува моите коментари во фацебук без трага?!?!?!?
Да, коментарите мои не се бројни. Во никој случај навредливи. Памет од дамна веќе не солам. Едноставно по некогаш, пишувам коментар како моја мисла или мое видување на работите.
И ОП, ќе се налеташ повторно на некој со мало цоце или некоја бедна, мизерна личност која не знае да чита, па ако не е ноа "БРАВО" или некоја сликичка со пехар или медалиа одма ги бриши за него не сфатливите коментари…
Да се лутам – не! Со тоа само потврдува дека некој нешто го заболело, а вистината по некогаш НАЈ многу боли. Тоа е и потврда дека доволно е да напишам по еден, ама УБАВ, коментар од колку како цел фацебук тим на тие "со мало цоце" што во без крај  се препукуваат на најниско ниво.
А да, продолжете и понатаму да си го користите фацебукот како вас ви е ујгун, а јас и понатаму ќе ставам по некоја сликичка (моја, без налог на претпоставениот) и повторно ќе пишувам коментари (ретко, ама мои мисли, а не партиски спремни текстови…)
И ДА! Од грозјето се прави шира, вино, ракија, па дури и рчели ☺ и ако не сте способни да направите нешто од тоа – не закројувајте, никој не е должен да ви го купи грозјето!!!

А коментарот не беше кој знае што. Не дека ќе го сменеше Светот, а нај мала рака состојбата во мојата Татковина бр.1
Коментарот беше како забелешка на тоа со какви се не логични работини сме опкружени моментално.
Како е можно да во едно општество со Специјалните единици на Министерството за Безбедност се спроведуваат одлуките на Министерството за здравство, а истите мерки не важат за Министерството за земјоделство …
ПО точно кафани се затварат и газдите казнуват за тоа шо имало по некој без "документ" а на прославата на Св. Трипун истите тие мерки не се ни спомнуваат, не па да се запазат или не дај Боже, не, не дај Св. Трипун да се казни некој.

А Св. Трипун т.е. Св. Трифун прерасна у медиумска битка помеѓу сите кои имаат "силна желба да бидат нешто", во овој случај лозари или земјоделци или винари или сѐ нешто шо е врзано со овој "традиционален" празник.
Жално е што како и од многу други примери и тука тие вистинските ќе се откажат од учеството. Во спортот, во религијата, во клубскиот и во други области имам доживеано без број примери како тие вистинските се откажуваат, бидејќи не сакаат да бидат дел од некој си нашминкан извитоперен Свет кои го прават тие "ногу сакам да бидам" и лигавеши кои баш тој ден, тој момент многу се осеќаваат меродавни да се дел од циркусот.

И тука стапува во сила, старата Македонска мудрост:
» Поминувачка нека има! «

# Руски бајки и американски драми…

gordan 03.03.2022




И ОП!!! СИТЕ во модус на геополитички, историски, бојни експерти.
На кој лошо има направено Олга од четврти спрат или Јуриј продавачот??? Што имаат они лошо направено та некој што не сака да си го мери у песокот му ги бомбардира домовите??? Колку треба да си изолиран и не ук да во 21ви век не си разбрал УШТЕ дека ниту една војна не носи нешто убаво и дека во војната сите се губитници, невините најмногу.

Каде е атомското оружје на Садам, каде е заканата од Гадафи? Ма каде се сега "нивните" пари???

Господ здравје да и даде на војната, не спаси од короната!!!
Наеднаш ја снема короната. Преполните болници, стотици ново инфицирани секој ден, ништо веќе не е опасно.
Моментална закана на Светот е тавариш Путин.

Ја имав таа среќа и привилегија (или пак не) да се родам и израснам во Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Дали вештачки или нашминкано, моето детство беше безгрижно.
Ја имавме таа привилегија да и покрај тоа што живееме во една социјалистичко – комунистички настроена земја имаме непречен контакт и пристап до "западниот демократски и напреден Свет".

На телевизијата, во тоа време распласната на два-три канали, имавме можност да гледаме филмови од цел Свет. Со тоа мислам како на Холивудските, така и

на ѓерманските, францускиte па и руските. И сите ни беа интересни. Касно многу покасно ќе ги "засакаме" и ќе ги цениме повеќе холивудските блокбластери.
За разлика од руските бајки во кои доброто секогаш го победуваше злото, доброто претставено како некој воин на коњ со сабја во рака, а лошото како змеј во снежните планини, американските специјалци со ногу пушки, пиштоли, динамити и секако сам на себе оставен победуваа цели диктаторски режими по јужна америка, блискиот исток, африка и некаде по границите на СССР.

Во некој филм, имам слушнато, разбрано, дека француското писмо и граматика е така измислена да по сиромашните не можат да си дозволат учител кои ќе ги научи на писмо и граматика и со тоа се предадени на милоста и не милоста на владетелите…

Бидејќи денеска по големиот дел од жителите во Европа, америка и Азија веќе се писмени, борбата меѓу "владетелите" не е веќе околу писменоста, туку околу можноста да на писмените им се сервира вистина како што им одговара на тие исти владетели (читај империјалисти).
Па така кој како ќе допре до некоја власт, како давеник ја фаќа сламката наречена медиуми (весници, радио, телевизија и секако интернет) и почнува да шири вести од кои има најмногу профит.

Израснат во една, повеќе од животот поминат во друга морална средина, научив да работите ги гледам од две (сите) страни. Уште од многу одамна не ми е јасно зошто морам да верувам на американските и британските известувачи а не на руските и кинеските?
ДА! Американските и британските се "демократски и слободни" !!!
А кој тоа го тврди???
ПА ДА. американските и британските известувачи …

И така дури умоболните и дементните немаат што да мерат у песокот па силата ја покажуваат со тоа колку успеале своите следбеници да ги научат тоа што треба т.е. тоа што они сакат да овие знаат, оваа топка наречена Земја, ќе трепери од следно можно зло. И нормално у тие такви игри, губи тој што стварно нема врска со сето тоа, нормалниот човек. Милиони ќе страдаат а милијади ќе се тресеме од страв кога кој ќе ја репнат првата атомска бомба, па така убаво и безначајно сите се сториме пепел.

И така.
Овие денови потрефен и од "крајот", мислите не само што не можам да си ги средам, туку има и толку мисли шо не можам ни да ги прелистам, не пак да ги напишам.

Можеби некогаш кога ќе смогнам сила ќе напишам за човекот (пациент), како извор на материјално богатство (за некој) а не како пациент, човек, за човекот, учесник во сообраќајот, како егоистички ѕвер, за човекот Гого кој пред секое одење во татковината не спие со ноќи и пие апови за смирување на стомачето, за човекот традиционалец кој никако да стекне нови навики и упорно ти дише во тилот и покрај тоа што злото корона уште не е поминато, за човекот лојален граѓанин кој по секоја цена сака да те убеди дека неговото мислење е точно и

единствено вистинито, за гостопримливоста на Македноскиот народ кој користи  секоја прилика да те заебе некако, ….

# Среќен 8ми март

gordan 08.03.2022




Среќен 8ми март, интернационалниот ден на жената!!!
Конечно!
Конечно успееја. Не, жените не се изборија за конечната рамноправност, (во некои области не само што се рамноправни туку се и привилегирани), успееја "вишите сили" и "демократијата" конечно да "докажат" дека Русија е лошата страна на Светот.

ГОГО БЕ!!!!
Нели рекоме не пишиме, лафиме за политика?!?!?
Ама воа не е политика веќе. Воа е ебање у здрав разум!!!
Со децении се работе на тоа да на СИТЕ ни вградат мислење и убедување дека само "демократско свесните" американци смеат по Светот да бомбардираат, уништуваат и пљачкосуваат, сè под изговор дека е тоа борба за демократија и човекови правдини.

НИКАКО, никако човек не може, па ниту јас, да го оправда ова шо го прави тавариш Путин. Да даде господ дупло да му се врати нему и на неговите најблиски тоа шо он му го прави на милиони невини души. Ама во војна има САМО ЕДНО правило: "во војна НЕМА правила".

Светот доби, доби ново зло. После короната која уште е меѓу нас и од која уште стотици, илјадници човеци страдаат, сега се појави Путин и Русија и СИТЕ ние заеднички мораме да се бориме и го победиме тоа зло – така викаат демократски, либерално, напредните сили!!! Истите тие шо направија чепршок во Србија, Иран, Либија, Авганистан, … како ослободители и спроведувачи на демократијата!!!!

НИШТО.
Светот отиди или на нај добар пат е да замине у (три лепе) пизде материне. Забегана е работата. Наше е како ќе се најдеме и снајдеме, ние како безгласни, без вредни бројчиња на ова шо се вика планета Земја, ако и од неа остане нешто, ако ниа умоболните не ги стиснат дугмињата и така квалитетно направат се пепел.

Мене ме нервира шо како и секогаш, како и во сите области, па сега и во оваа "војна состојба", наеднаш имаме безброј експерти. Експерти на интернетот, на фацебукот, на инстаграмот, на тик-токот и на шо уште не какви платформи, СИТЕ убаво и совесно контролирани од "добрите"!!!

Ме нервира шо мојата сакана марка CANON, одлучила да се вклучи во борбата против "злото" па од одма нема да врши испорака и продажба на свои продукти во Русија. БРАВО! Тоа уште една причина за да се размисли, конечно да се помине на друг продукт…
Ме нервира шо тука, во западниот демократски и слободен свет, се организираат демонстрации и хуманитарни акции, СЕГА, кога пукна!!! Каде беа последните 5, 6 , 8 години ??? Зошто никој не се заинтересира сите тие години.

Ама сега, сега е прав момент за собирање на поени и лајкови…

САМО, само да не ги репнат ниа атомските и нуклеарните арсенали, после се ќе биде епси бир.

А Светот после сето ова нема да биде ист, нема да биде по добар.

Купени авторски права.
Купени "*CO2*" контингенти.
Купени слободи.
Купени вакцини.
Купени човечки судбини.

Дали ваа топка наречена Земја, била некогаш по не перспективна за "човечки" живот???

# чекам

gordan 12.03.2022




Чекаш забчињата да испаднат, чекаш да преодиш, чекаш цицката да ја ослободиш, чекаш на школо да почниш да одиш, чекаш свидетелството, чекаш летниот одмор, чекаш 29ти ноември да дојде, чекаш нова година, чекаш резултати од приемен, чекаш у војска да одиш, чекаш редовно да искористиш, чекаш да ти се јават за стан, чекаш сватовите да се соберат, чекаш првото дете, … па после оно така.
Чекање, цел живот убавини или пак не или комплет како шо доликува на живот, чекаме нешто.
Еве сега чекам да се јаве Ване и да каже кај ќе го пииме кафето.
Па чекам да се стопле уште малку (шо нема да се случи) па да го извозиме моторот.
А и тоа го чекам, цело зимо. А последните три четири денови, интензивно.
Со чекањето убави работи сакам да ги заборавам не убавите и сакам да си најдам смисла на човечкото постоење. Убавите работи и чекањето да дојдат, се тие шо ти дават сила да во тешките моменти/времиња преживееш, некако.
Еве првите убави работи се дочекани.
Кафето закажано, моторката спремна и времето колку толку пристојно за возење… СУПЕР.

Сега од кога ќе ги изгустираме овие убави работи, ќе чекаме да го регистрираме новиот мотор и да направиме неколку убави возења со него.

А да, чекам и мотивацијата и желбата за фотографирање да ми се врати… чекам…

# После прашина, дожд.

gordan 30.03.2022




И порано го имаше, чат-пат. Можеби еднаш во пет или 7 години. Ама како стареeме се повеќе зачести. Од неколку пати во година, сега допреме ѓоа менструација, секој месец. Ноа чувството, на вакум, на не мотивираност, на не заинтересираност, за се, па дури и шо ќе јадиш или дали и ќе јадиш за ручек. Кога си разочаран нај ногу, од животот. Едноставно време во кое чекаш да поминат саатите, деновите и да дојде пак некоја светла точка по која ќе тргниш, не мора ни напред, важно да се движиш.

И само трпение, има спасение. Помина. Помина уште една не креативна, една депресивна фаза која ќе ја заборавиме под итно. До другата "средба". Но како и од секоја битка, така и од оваа излеваме по јаки и по искусни.

Еве повторно ги гледам убавините на Светот, чат-пат има по некоја перспективна фотографија. Набавив и точак, во народот познат како велосипед. Моторите спремни, регистрирани  и осигурени за претстојната сезона. И сега?!!?
ОП – ДОЖД.

Таман време за организирање и средување на сликичките од минатите недели, месец. И шо е нај сигурно, седи си дома. Оти шлапаници на летат на секаде. Од ѓерманија до америка. Во последно време ногу комедијанти ја осетија реалноста по образ. Никое насилство не е за одобрување. Секое насилство е да се санкционира. Па тоа да биде и само една шлапаница. АМА, во двете медијални случки, мислам дека не е баш претерано, поучно може да  се рече.

Од дамна веќе не седам пред телевизорот и гледам хумористични програми. А имаше стварно добри емисии и комедијанти. АМА со појавата на таканаречените "старт уп" комедијанти, полека ама сигурно ми се згнаси хуморот. На почеток сите се добри. До душа на Емил Штајнбергер никој не може да наближи, ама имаше интересни деца. Дури не ги истрошија маалските вицови и почнаа да си создаваат нивен Свет во кој они се мерило за "нормално" и сите други се или глупи или тупи или и двете…
За тоа баш и не му завидувам на шлапаничарите кои малку ги приземјија арогантните така наречени комичари – уметници.

Како на тиа препотентните комичари шо добро ќе им дојди шлапаницата, така мене добро ми доаѓа светлината, сенката, бојата и убавините шо ни ги приредува природата, и која ме потсетува да ги наполнам батериите на камерите и да се впуштам во убавините за да не ги испуштиме нај убавите моменти кој идат, секој момент…

# Четврти четврти

gordan 05.04.2022




04.04.2022
Бележитен датум.
Датумот нанишанет уште пред неколку месеци како датум за регистрација на "новиот" мотор. И дојди.
Четврти четврти дваесет и втора.
Гого како Гого, пет минути пред отворањето на заводот за сообраќај на кантон Швиц (Verkehrsamt Schwyz) пред вратата.
07:30 вратата се отвори. 07:30:15 Гого пред шалтерот. Љубезната службеничка која или е почетник во работата или уште е на обука ме поздрави:
– Добро утро, повелете, што можам да сторам за вас.
– Добро утро, овој моторцикл сакам да го регистрирам на мое име. (и ја давам сообраќајната од претходниот власник и ја покажувам личната карта)
– Ќе се регистрира на заеднички број со вашиот сегашен моторцикл?
– Да.
два три клика со глувчето, печат на старата сообраќајна дека е неважечка, споредување на бројките од старата и новата сообраќајна…
– Повелете (ми ја подава пресно испечатената сообраќајна) и ви посакувам пријатен ден.
– благодарам и исто на вас убав и пријатен ден.
Седнувам во автомобилот, саатот покажува 07:35:45, СЕГА моторциклот конечно е скроз мој!!! ДА за издавање на нова сообраќајна дозвола за возило во Швајцарската Конфедерација човек треба да планира 10 – 15 минути, а бидејќи немаше гужва пред шалтерот, беа потребни цели 3 (со зборови ТРИ) минути. Така во некоја еуфорија и со пресна сообраќајна и со бројката спремна, заминав директално накај работата, со ниет одма да се "испроба" новата моторка. Ама сонцето кое изгреа после снежниот викенд само ја "истакна" солта која светна во сета своја бела боја по на места замрзнатите патишта…
НИШТО, останува првото возење со "новиот" мотор да се помести за некои по суви и по не агресивни времиња.



И така во сета таа еуфорија околу регистрацијата на моторот, испуштивме да одбележиме уште еден настан врзан со четврти четврти. На четврти четврти пред дваесет години почна моето фотографско патување во дигиталната фотографија.
На почетокот беше компактна дигитална камера Canon Powershot S40. Како што името кажува ☺ со неверојатни 4 мегапиксли. Да имаше во тоа време и со 5 или дури 6 мегапиксли ама тоа беа "професионални" камери за кои секоја "мегапиксла" се плаќаше со илјадарка – по швајцарски ☺
Тоа беше време кога исто така и интернетот почна да се користи масовно, па желбата и предизвикот да нашето секојдневие ги споделуваме со нашите блиски во далечната татковина беа доста големи.
Да, на почетокот, ова од после е приметено, сум фотографирал како и до тогаш. Значи за некоја случка 1 – 2 фотографии, за роденден или некоја слава 10 – 15 и на одмор или некоја прошетка 36 ☺
А и на самиот почеток, човек секако не може повеќе од 5 – 6 фотографии да направи. Со камерата добив батерија, полнач за батеријата и CF-card со ЦЕЛИ 8 MB !!! Секако дека одма беше набавена (за ногу пари ! ) CF картичка со 126 MB ама тоа со фотографирањето во ограничени рамки траеше неколку години. Дури со набавката на првата EOS која искористи од тоа што до тогаш веќе имав повеќе CF картички, почна да се фотографира по дигитално, фотографирај па после ќе видиме шо ќе се користи… ☺

Тука некаде во тие последни дваесет години, исчезна и она со фотографиите како физички присутни сеќавања на некои си времиња. Фотоалбумите намалија на скоро нула (со зборови нула). Фотографиите ако имаат среќа ќе бидат испечатени за некоја изложба или за некој ѕид. Можеби ќе имаат приоритет да си фанат место на календарот, ама најчесто висат некаде по воа шо се вика интернет. И НАЈГОЛЕМИОТ број чемрее на некој си харддиск и чека да и дојди времето, чека….


Canon Powershot S40


Canon Poweshot S80


Canon EOS 400D


Canon Powershot G11


Canon EOS 40D


Canon Powershot SX200


Canon EOS 7D


Canon EOS 7D mk II


Canon EOS 70D


Canon Powershot G7











Заводот за статистика испадна со резултати кои говорат за некаде околу 170’000 фотографии во последните 20 години…

| | |
|---|---|
| Größe auf Datenträger: | 1.09 TB (1'202'831'122'432 Bytes) |
| Inhalt: | 170'150 Dateien, 5'865 Ordner |

Иначе, фотографиите ги има по интернетот, почнете од [www.foto-gogo.ch](http://www.foto-gogo.ch) и уживај те!

# лиценца – аусвајс!!!

[gordan 25.04.2022]()




***»Urheberrechtsbeschwerde***

*Die Monetarisierung ist bei diesem Video aufgrund einer Beschwerde wegen Urheberrechtsverletzung nicht möglich… «*

Уште еднаш повеќе чичковците од ЈУТУБЕТО напишаа до видеото кое јас беше сум го направил и ставил на мојот ЈУТУБЕ канал.
Со години се прашувам шо есап они имаат од моите видеа кои стотици мегабајти на серверите заземаат. Бидејќи ја имаме привилегијата да безбројни видеа во не ограничен капацитет постираме на ЈУТУБЕ каналот, гледам колку толку да работам по нивните правила. АМА во последно време се повеќе ме нервира таа нивна навика да ти го блокираат видеото само заради тоа што во позадина се слушала некоја песМа од некој филанкиш човек ама за која песМа НЕКОЈ имал авторски права. Арно. Се слагам кога некој певец или певаљка измисли песна а испее и после сака од тоа да заработи пари. Човеците треба од нешто да живеат. АМА батка, ногу ме нервира, ми се превраќа у цревата (со посебен осврт на дебелото црево!) кога некоја "мјузик компани" се прави газда или владетел на авторските права на Елвис Присли, Мајкал Џексони или па дури и на композициите на Моцарт и Бетовен!!! Ајде, Присила или некој од браќата на Мајкал можеби некако по некоја дага ги продале правата, ама баце, од каде до каде некоја компанија која заради тоа шо не знае шо да прави со парите постанала и музичка компанија има право на тоа шо Моцарт го измислил, напишал, исвирил, ?!?!!??




Тоа не и многу трагично кога ќе го гледаме како ситуација помеѓу ЈУТУБЕ корисниците и газдите. АМА ако човек си замисли, како некои компании кои нешто не можат да го купат со пари, го купуваат со НОГУ пари и како тие исти компании не држат после во заложништво, човек треба да се замисли! Петролејските фирми одамна веќе не м'зат како ќе стигнат и како им требат бројките. Светските мултикомпании кои ја контролираат водата за пиење со години за сопствен профит ги уништуваат некои региони од ова топка наречена Земја. Фармацевтските фирми веќе не "вакцинираат" како сакат и колку сакат, банките го имаат секога спремно одговорот " шо да правиме, така е таа…"
ДА. Моментално сум разочаран од "општата ситуација". Боли, до коски и душа боли кога ќе сфатиш колку не битен си како единка. Кога ќе сфатиш колку убаво не имаат под контрола.

За среќа уште ни даваат да дишеме, без некој да му текнало и воздухот да го лиценцира и ни го наплаќа, и колку толку имаме слобода да прошетаме и се сликаме ☺

# денот на победата…

gordan 10.05.2022



Времето како некој “Фергусон‟ у втора спора си оде полека и газе сѐ шо му е на патот. Така како една не битна единка на виа Свет гледам и се чудам на сета ситуација и пред се на суштината на човечкото битие?!?!? После агонијата со короната, сега на ред е нова закана за човештвото, Русија и чи Владо. Медиумите од цел Свет (кога они мислат на ‛цел Свет’ тоа се однесува на америка и европа) ни пласираат вести дека целото зло доаѓа од кај на нас братскиот и пријателски народ на Русија. Да, точно е тоа дека братскиот и пријателски народ на Русија го нападна и го т’че братскиот и пријателски народ на Украина ама дека сѐ е црно и бело, извини, не можам да верувам.
Па така братскиот и пријателски народ на Украина помогнат од демократскиот и хуманитарен западен Свет, читај америка и европа, го направија ПЕПЕЛ!!!
Жално е, гревчиња се братскиот и пријателски народ на Украина кој како јагне курбан отиди за интересите на демократскиот и хуманитарен западен Свет.
Дали ќе им текне да кажат: “де бате, де не ме брани веќе!‟




Лани есента си дозволив и ми купија ☺ ‛нов’ мотор. Добро де на старо купен и осум години стар, ама во споредба со тие што ги имам НОВ. Нормално, есента дојди, не изгледаше дека ќе има шанси да се вози доволно, па регистрацијата ја оставив за во пролет… И така дојде април, и ако месец со ‛Р’, го регистрирав. И ги извозив првите километри како така, со многу респект. Пред се заради тежината, за разлика од ‛старото’ BMW е едно 60 – 70 килограми по тежок, дупло по снажен и … нов ми е ☺ !
Лани кога го видов, беше љубов на прв поглед. Некој ден по касно, кога ми го донесија бев нај среќното дете на целиот Свет и околината (од дамна не сум се радувал на било што така).
Оваа пролет со секој поминат километар нашата врска станува се по јака. Едноставно го сакам и го обожавам моето ново моторче. За разлика од претходниот, кој во меѓу бреме е со статус на »Ветеран«, со новиот откривам нови хоризонти на возењето на моторцикал. Се надевам дека ќе трае…
Понекогаш се мразам шо колку толку, се разбирам од техника и машини па секоја ‟промашена нота‟ одма ја регистрирам. Не дека нешто е грешка, ама си викаш така ли треба да биде. И шо ми текна ај да направам споредба со нај новиот BMW R1250RT. Имаше прилика, и ајде. И нормално, нај новиот модел, со неколку километри на тахометарот, со нај новата техника и технологија.
И кога би рекол дека мојот ‛нов’ R1200RT, за разлика од стариот R80RT, се вози неколку пати по добро, нај новиот модел R1250RT кој го пробав е уште еднаш толку по добар од R1200RT-то.
И така сега сме во преговори со љубезниот и овластен сервисер за BMW да го преверат мојот R1200RT…, има неколку точки кои треба да се разгледаат, стручно.
Пред ногу години, во лето Господово 2010-то Гого со огромна помош од Ване извозив релација Арт – Кавадарци (1840 км) на точак! (во народот познат како велосипед). Од тоагаш наваму Гого го запостави возењето со велосипед а и

било какви други спортцки активности. Па така, а педесет и кусур години, се појави потреба од физички дејности. Гого пак набави точак (Ване ми даде еден) и сега ќе треба да го вртиме… Гого не ќе биде Гого ако и тука не измисли нешто. Од моите возења со моторот ја имам навиката да ги бележам поминатите патишта и улици. Колку километри поминал, за колку време, а нај интересно е после кога ќе видам на карта каде сум поминал ☺ . Понекогаш е многу интересно, ќе видам неште некаде, и ОП после дома по карта, по координати ќе го најдам на ЊЊЊ и ќе разберам шо е како е. Од дамна користам еден таканаречен GPS-logger кој доста добро си ја бркаше работата, до пред некое време. Во последно време почна да "забегува", дали е до новите сателити или "клемите" му се лабави? незнам! Па си викам ајде да набавам нешто ново такво. До душа у денешно време не мора да набавуваш ништо такво. Доволно е што со нас ги влечиме "интелегентните" телефони. Чичко Закерберк & Co. не пратат ѓоа ваквоа, на секој чекор. Ама воа моето GPS-logger си јабркаше работата без големи захтеви. Го уклучуваш, возиш, завршуваш со возењето, го исклучуваш, го приклучуваш на компјутерот и гледаш карта и податоци и параметри шо си однадил тоа возење. Ни интернети ни минтернети, ни кој ни како, ни зошто ни кога, едноставно тиа бројки ти ги покажува. Со месеци барам нешто такво кое работе на новиот сателитски стандард ама немит. И на крајот најдов! тахометар/компјутер за на велосипед. Брзината ја мери со помош на GPS-сигналот, и плус ти бележи поминатите километри и патеки!!! Два пати ентер и купено. За некој ден дојди и се радував што не е на "едно дугме". Оти не знам дали имам кажано, како шо ме нервират возачите на возила кои и покрај уклученото зелено светло на семафорот уште се мислат дали и како да тргнат, или како пижамите во темни бои и црни етикети или светли пижами со бели етикети, како тоа шо ме нервира, така и сите уреди кои се послужуваат се едно дугме ме нервираат – до без крај!!! Нејси. GPS-logger дојди, одма му ја наполнив батеријата и се акнав на точакот. Да го пробам. А за контрола, мојот стар и добар (кога сака да биде добар ☺ ) GPS-logger и постоечкиот тахометар на велосипедот. Првите неколку метри радосни и со задоволство. Бројките големи, идеални за човеци со 50+. Курдиса и одма да мери, моето старо и верно GPS-logger уште бараше сателити… И кога оно најди, гледам брзина на движење не е иста?!?!? Гледам на тахометарот од точакот, таму па нешто сосем трето! И така дури некое време и неколку сменети брзини! сфатив дека нај новиот нај специјален и нај добар GPS-logger не работе – блокира! Нормално у такви ситуации одма се ваде кабелот од штекерот! АМА ниту кабел има, ниту батеријата достапна. Па со сето мое искуство почнав да ги стискам дугмињата секако и во сите комбинации… и некогаш успеав, да го рестартирам!!! И пак, после неколку метри блокирање, и пак, и пак … и сега е (после неколку саати) веќе на пат кај продавачот со убаво писменце.
Веќе немам ниту стрпление ниту желба да во 21 Век се расправам со "електронски ЧЕТ асистент" ниту да листам по милионот "супорт страници" на ЊЊЊ. Абе бате, ти давам готова пара, дај ми готов производ!!! Преку ваквоа ми е со нивното "ама господине провере те дали вашиот компјутер е актуализиран, дали вашиот интернет работи…" ИМА на овој Свет сичко! ако не кај вас кај некој друг ќе го најдам тоа шо го барам. Ама дај не ме масирај те со "експерти" кои од компјутер не разбират ни грам, а ти солат памет на кило …

И така човек ќе "побегне". Ќе си земам камерата, ќе и монтирам еден објектив, и ајде на терен. И бидејќи тука во блиската околина скоро речено се ми е по еднаш исликано ☺ предизвик ми е да познатите работи со друг објектив (нај често со "цврст" фокус) пробам да најдам нова перспектива, нова композиција. И така и тука, со денови недели лутам за да после на некој ден или неколку денови за ред се направа права "жетва". Ногу сум среќен кога некој ден ќе ми се погоди некоја фотографија, ако е една, ногу сум среќен. Мотивира убаво.
И така, воа четиво испадна малку по долго оти Гого пак ја батали (а заборави дома) мобиљката, во народот позната како паметен или интелигентен телефон, па можам само сликички да си гледам и вака, да си пишам нешто по воа клап топот.




Ама и доста е пишење, јас не морам да пишувам за нај новата претставничка на Македонија на "гранд при еуровизион де ла шансон" која како о други до сега имат проблеми со националните симболи. Едната не ја знаеше химната, сега ваа па не го мафтала знаменцето убаво!
Резил.
Го нападнаа момето, "патриоти", чувари на Македонштината и уставот, истете тие шо кур ги заболи шо за 30 години од суверености на Народна Федеративна Социјалистичка Некогашна Југословенска Република Северна Македонија ниту во еден град во истата (Народна Федеративна Социјалистичка Некогашна Југословенска Република Северна Македонија) немаше ниту две знамиња истакнато, само по едно, на тиа јарболите на кои цела година се замрсува по некое знаме и шо со убаво тендерче некој ги забоди у секој град…
Истите тие шо без никакво двоумење го газат симболот на Македонците кој незнам заради какви психопатски околности некој почна да го мозаиконира на секој под во секоја црква…



# ТерТип

gordan 11.05.2022




Веќе неколку години живеам во Швајцарската Конфедерација.
И тоа во Швиц, ноа "нај јакото"! шо е од 1291 во Конфедерацијата или по точно речено еден од кантоните кои ја создадиле Конфедерацијата.
Од секогаш сум му се чудел или по добро речено восхитувал на швајцарците.
Швајцарец ако праве торта и у рецептот пише 275 гр. шеќер, ќе биде ставено 275 гр. шеќер, не 300 не 250, не филџан.
Швајцарец ако праве пат, и у проектот стои 56 цм тампон, ќе биде ставено 56 цм тампон, не 60, а никако па 40.
Швајцарец каа оде на тренинг за фудбал, го носи фудбалскиот дрес. Не "најк" не "адидас" маичка.
Швајцарец каа оде да планинаре носи облека и опрема за планинарење, не фудбалскиот дрес, не "најк" не "адидас" маичка.
Кога вози точак ( во народот познак како велосипед) носи опрема за на точак, И ТОА ЗАВИСНО ОД ТОА КАКОВ Е!!! дали брзински или маунтаинбајк ☺
Кога вози моторцикал, носи соодветна гардероба, од чизми до кацика, (тука сум убеден дека и долниот веш им е прилагоден!)

Вчера имав потреба да отидам до овластениот сервис на BMW. И оти човеците од сервисот и они се душички и сакат да завршат на време со работата (18часот) побрзав од работата, зимање моторката и одма пред врата на сервисот, барем пола саат пред "фирабиг" ☺ . Нормално од работата, преку

дома, до сервисот се добри 50 км. (автопатот ништо не ти значи у тоа време, 17 часот). И така залетан јас оставам колата зимам кацигата и моторот и правец сервисот – точно пред пет и пол Гого пред сервисот. Како за среќа, одговорниот механичар за BMW ги изнесуваше моторите кои биле тој ден во сервисот за да им ги предадат на муштериите. Му кажувам мојата мака и он вика, ајде ќе го преверам на брзинка, ЧЕКАЈ ТУКА!!! Му се качи на моторот, го запали и замина во познат правец. Јас чекам пред сервисот. А објектот на сервисот доста нов. Модерен. Со затемнети стакла, плави. Така малку можеш и да се огледаш на нив. А таму шо ќе видиш?!?!? Ќе го видиш Гого, со мокасинките и панталончињата за на работа. Палтото ми беше соблечено, тоа палто шо ми е са сѐ и секој ден ( освен за на погреб не), смирувачки беше шо чарапите ми одговараа на маичката. И ја гледаш после госпоѓата која си го земаше Триумфот, нормално стилски облечена како што доликува на традиционалната англичанска марка. Го гледаш дечкото на КТМ дури мислам и портокалова коса имаше! Паротот кои се качија на R18 беа како симнати од некој каталог. Само Гого со тегет чорапите и маичката црна, некако како паднат од друг Свет…

И синоќа, пробав да ја гледам ‛Гранд при ла шансон де ла евровизион…’ УТЕХА.

# VIVA la San Miguel !!!

gordan 30.05.2022



Да, тоа го имам неколку пати спомнато (напишано). Мразам одмори. Добро мразам е претерано, ама некако одморите и патувањата не се мои приоритети. По готово сега во време на пандемии/не пандемии. Во време кога уште не масираат, на некои места, со “протоколи“ и “мерки“ за справување со “кризи“. Чи Владо а заеба работта, па малку и не мислеме на корона и сертификати, додека не не потсети туристичката агенција дека за влез во таа држава, Шпанија, треба да имаш важечки сертификат. И ајде оди прави тестови, оти од првообеќаните 12 месеци после некој месец (за да те убедат на трета доза) беа само 9. Нејси. Направиме тест. И ај на одмор сега!



Одморот почна да се чувствува уште на аеродром Цирих. Јужначкиот темперамент и менталитет се почувствува пред самиот лет, закасна саат време. Важно некогаш полетаме и за некој саат слетавме на аеродромот Палма де Мајорка. Тука покасно дознав дена овој аеродром во сезона опслужува 12’500 патници – СЕКОЈ СААТ!!! А и стварно е голем, јас мислам дека изодиме околу четири километри од каде што слегнаме со авионот до лентата каде си ги зимаш куферите. Организираниот трансфер од аеродромот до хотелот беше некоја мешавина од туристичко возење со автобус и тричасовна тортура. Помина. Стигнаме у хотелот и тука почна вистинскиот одмор. Не дочекаа со шампањско и тие марифети, ти се “радуват“ каа да ти им си спасителот, едноставно ти искажуваат почит. Собата испадна не соба, туку апартман, со сите нишани, од одвоени спална и дневна, до телевизори во двете простории, кафемашина во барот, џакузи и на терасата и во станот, шо да расправа човек – одмор.
“Ааа, убаво е на Мајорка, и таму сите знаат ѓермански!!!“ така сите ни викаа пред да тргниме.
Од кога се раскомотиме у собата ОДМА отидоме у селото да најдиме кафене за да вечераме. За среќа и покрај гладот не влегоме во првото туку си откриме едно пристојно ресторанче, во кое после секој ден си вечерувавме.

Хотел како хотел. Може да ги има сите ѕвезди, ама првата ноќ задолжително се поминува во навикнување на новиот кревет и стандард перниците. Тоа е една од причините зошто не ги сакам одморите/патувањата. Додека човек се навикне на новото легло, ОП! ај пак назад.

Втора работа заради која  не ги сакам одморите/патувањата и "запознавањето" на други култури и традиции (и тертипи). Е сега, тука на Мајорка ме изненади ситуацијата, која по многу потсетува на ситуацијата во мојата сакана Македонија. И тука ја имаат таа навика, да нешто направат супер, ногу убаво, како што треба, ама тоа е до портата или нај далеку до втората уличка од центарот. За одржување или средување на општественото – никој не се осеќа повикан.
Јас мислам дека поради многу сличности со братскиот и пријателски народ на Шпанија, ние Македонците треба и официјално да се збратимиме.  Тука, на Мајорка видоме стварно ногу работини. Од историски урнатини до супермодерни бутици. Сичко има. И тука може да се виде како човекот е во состојба да и нај убавите градби и простори ги "унакаже" само заради тој пуст профит. И тука се дозволуваат градби и надоградби секаде и во секоја големина, само да се навлече туристот да се спрепне од нивниот "продукт".

"Појадокот е најважниот оброк во денот!" не ретко човек може да слушне или прочита некаде. И тоа до некаде можеби и да е точно. АМА, за појадок да се "нафукаш" ѓоа не здрав, до степен да те боле мешето, мислам не е во прилог на никој. А како човек да не се прејаде кога појадокот беше во вид на "шведска маса",  а "масата" со  површина од ракометарско игралиште??? И така секое сабајле….
И така водени од Кавадаречката мудрост: "ќути, поминувачка нека има!", секое сабајле се прејадуваме и даваме чесен пионерски збор дека е последен пат. Ама некогаш повторно ќе се вратиме во секојдневието и повторно ци го фаниме редот.

Овој пат видовме и доживеавме неколку модерни традиции кои полека и ама енергично пробуваат да ни ги вградат во човечкиот ген. Заштита на човековата околина, прање пари на големо! За коктелите во ресторантите и баровите мора екстра цевкичка да си нарачаш и тогаш ќе добиеш некоја "биолошки разградлива" која уште на пиењето ќе се разграде (распадне), пластичните шишиња не се користат во хотелот. Осаштвината од короната, маските, некако секако се носат само не за некаква заштита, никој некаде не бара од никој да носи маски, ОСВЕН во градските автобуси, каде хистерично ќе биде исфрлен секој патник кој нема маска. А да, автобусите на Мајорка допринесуваат намалување на глобалното затоплување!!! Ете ние дури чекаме да се наполни автобусот во него работеше климата и убаво го ладеше воздухот. Е сега тоа беше околу 45 минути во место и исто толку време работеше десет цилиндричниот дизел мотор од VOLVO …
Спомнав дека во хотелот исто така се грижеа за заштита на човековата околина, во тој хотел во кој десетици "ЏАКУЗИ" 24 саати во денот жабуркат и ја греат водата на 30 и повеќе степени.

И не, не знаат сите ѓермански.

И не, никој не побара ковид сертификат.

И да, беше одмор. И тоа доста веома врло убав и квалитетен и покрај срамежливото време!

п.с. првиот пат, Мајорка повеќе ме бендиса, дали заради тоа што бевме за Нова година и немаше толку нoooгу туристи, ?

импресии »»»

# … и они готват со топла вода!

gordan 03.06.2022



Еднаш веќе запишано на
https://www.ristovski.ch/rg12/
11.05.2016
од каа ги победиме фашистите…

и поФторно дојдов до таа ситуација, ситуација на денешниот реалитет. Моторџија од дамна веќе не се рачунам, јас сум едноставно љубител на мотоциклите. Четириесет годишното користење на моторизирани двоточкаши ме изделка во пристоен корисник на мотоциклите. Коњажата, брзината, бојата на мотоциклот од дамна веќе не се битни. Функционалноста, тоа е тоа што јас го ценам.
Пред една година одлучив да конечно и јас набавам еден мотоцикл кој е во чекор со времето. Во потесен избор влегоа BMW R nine T Urban G/S, Triumph Scrambler und Kawasaki Z 900. Ама после летниот одмор во Македонија и поминатите неколку денови неколку стотици километри со мојот стар и верен BMW r 80 G/S, одлуката падна да се набави еден "компактен" туристички мотоцикл. Листајќи го пазарот утврдив дека BMW R1200RT е "нај малиот" и нај лесниот туристички мотор. Барајќи нешто такво видов еден BMW R 1200 RT. Година, километри и пред се цената одговараше.
Од секогаш сум поседувал мотоцикли кој сам сум ги сервисирал и поправал.

Со новонабавениот BMW R 1200 RT тоа ќе се промени. Како и секој современ мотоцикл и овој под контрола на некој си компјутерски систем, и нормално тој е специфичен на таа марка, BMW. Тоа значи, поправки и одржување во овластен сервис. Или набавка на алатки за одржуваше – читај: систем за комуникација со компјутерот на мотоциклот.

Четириесет годишното возење на мотоцикли и повеќегодишно користење на разни возила и машини и исто толку долгото интересирање за техниката кај мене го изостри чувството за машините. Па така секое чудно звукче или не познато “гребење“ го регистрирам, и преку кацигата ☺

Нормално промената од R 80 RT на  R 1200 RT носи новинки, и не е чудо, во години гледано 30 години разлика, а во техниката и повеќе.
Па така некои работи кои ми беа сомневи сакав да ги разјаснам со механичар кој ја разбира работата.

И повторно реалноста ме трати од земја. Го нема ноа моторџииското, дојди прашај, направи си муабет, и разбери нешто.
Во денешно време не се продаваат мотоцикли на моторџии.
Во денешно време се продава “лајф стајл“ и емоции…




Па за тоа кога ќе отидеш во сервис те гледаат како крава за м’зење, а не како разочаран моторџија.
А да и тоа одењето, не може туку така, термин бате, со недели унапред!!!

“Повелете господине, сакате кафе или нешто за пиење?“ обично прашува некое моме кое е задолжена са контакт со муштериите.

Не, не сакам кафе, сакам да разговарам со механичарот и му ги објаснам моите маки. И не, не сакам пола саат да исполнувам формулари на компјутерот.

Ама нејси, поминувачка нека има. Ете уште некој километар и гаранцијата ќе помине. Па после ќе треба работите повторно во свои раце да ги земам.

Оти тука нема, во Швајцаријата нема веќе работилници од кројот 5 x 5 метри полна со алати и никаде место нешто да оставиш. Сите веќе се по чисти од забните ординации и сите се настроени да престојот на богатите адвокати, директори, доктори и уште какви ти не типови кои своето его го перат со новиот ‶лајф стајл‶, им го направат по пријатен.

Мислев дека ја открив ‶вистинската‶ фирма/сервис, ама додека не дојде момент да се решаваат ‶проблеми‶. И тука разбрав дека и они се ‶модерна и современа‶ фирма и како би рекол мојот колега Петер, и они готват со топла вода! Се надевам дека не ќе морам повторно да ги контактирам или имам работа со нив.

# ШО ЌЕ РЕЧАТ КОМШИИТЕ…

gordan 17.06.2022



Ако некогаш Македонската нација, Македонската култура и се шо е Македонско го снема тоа нема да биде заради атомско/нуклеарна војна, удар на комета или потоп. Македонската нација има капацитет сама да се уништи. И тоа само од пусто лицемерије и увиѓајност. За тоа што кога на некој од блиските ќе му кажиш дека не го бива за таа работа, сета родбина наместо да се заинтересира и да најде некое решение или начин како да му се помогне на заблудениот, они со дрва и камење мават по тебе, како си смеел такво нешто да кажиш. Мајстори, ма експерти, сме кога треба да измислиме некоја работа преку три или четири ќошиња. Кога од тоа пусто лицемерије делиш "пофалби" и "восхитувања" и ако  и самиот знаиш дека не е таа така, – АМА ШО ЌЕ РЕЧАТ КОМШИИТЕ АКО КАЖАМ ШО МИСЛАМ?!?!?

Јас од медицина не се разбирам ногу, од хемија уште по малку (само знам дека ако пииш пиво и после јадиш цреши, се предизвикува некаква хемиска реакција у мешето! Од музика знам дека има седум ноти и дека авторски права на делата на Моцарт ги има некоја американска фирма !!! Ама ушите и ако не се, слушат уште доволно за да прифатам некоја мелодија или пак не. Некои работи кои ги "разбирам" се електриката, од тоа и живеам, фотографијата, тоа ме интересира доста и разни машини од кои некои морам да ги управувам, некои сакам да ги управувам и некои уживам кога ги управувам.




Со фотографијата како релаксација и предизвик за синтеза на визијата, техниката и уметноста, се занимавам по долго време. Класично школо за фотографија не сум посетувал, курс да, пред четириесет години. Ама интересот ме натерал да доста прочитам, видам, разберам за и околу фотографијата. Во последно време се повеќе им се "восхитувам" на "колегите" хоби-фотографи кои кој заради короната, кој заради "средовечната криза" имајќи ги условите набавуваат нај скапа опрема, посетуваат курсеви за фотографија и потоа како програмирани роботи фотографираат како пишува во книгата од курсот! Да браќа (и сестри) фотографи, ја имате опремата и "знаењето" да направите нај "остра" фотографија" на која секоја точка е остра ѓоа ваквоа, АМА острите точки не прават фотографија. Надежта, соништата, мечтаењата се секогаш "замаглени"…




Моторите, со нив почнав некаде околу 1980 година, ако TOMOS automatic 3M се рачуна за мотор, да сега возам САМО туристички мотоцикли кои во времето на “запознавање“ со моторите беа како баба-роги за нас!!! скраја да е, се ќе возиме само не дај Боже “Голд Винг“. Си легнаме на брашното, годините, удобноста и практичноста си го направија своето. И така од перспективен моторџија, Гого прерасна во мотоциклист. Да човек кој мотоциклот го користи ама не го привилегира.

Пред некој ден во разговор со еден пријател, по возрасен, дојдов до интересен “предизвик“. Пријателот кој е во пензија веќе, во разговор призна дека секој десет години почнува со ново хоби, нова занимација.

Можеби ќе треба и јас да почнам да пеам. Имам доста роднини кои ќе стискат ЛАЈК и ќе пишуват БРАВО!!!

# “ЛибКер“

gordan 29.06.2022



Да, јас сум од тие генерации кои се родија и растеа во СФРЈ.
Генерации кои растеа во страв и трепет од “ладно чименто“!!!
И секогаш добро зас’нети да не не утепа промаата!

Генерации кои во ДНК-то имат вградено дека EPSON е нај добар штампач, се шо копа земја е “ЛибКер“ и се шо има каросерија која е над 18 цм над патот е ЏИП.

Значи и јас не сум поштеден од некои си предрасуди или “традиции“. Така еве денеска, после добри дваесет години сум разбрал дека шрафовите на тркалата на различни возила со различен вртежен момент се зашрафуваат. И тоа скроз случајно во не врзан муабет. Иначе шо викам, јас дваесет години секогаш и и на сите возила шо сум ги имал до сега сум ги стегал со 110 Nm или по нашки 11 кила! И така муабетот шо го истераме со колегата ме поттикна да проверам во упатството од автомобилот колку е исправно да се затегне шрафот, и оно вика 150 Nm и тоа обавезателно оти иначе можело да се разлабават шрафовите и да загубиш тркалото!!!! УААУ!!! А јас сум го возел автомобилот угу со не “затегнати“ шрафови па дури и во Германијата!!!




Друго денеска шо "прифатив" е дека  моите мотоцикли (по големиот дел BMW) ги трошат предните гуми не рамномерно т.е. левата страна повеќе од десната! ДА! И мене ми беше чудно. Ама и овој проблем се "отвори" кога колегата примети дека предната гума, на мојот нај нов BMW во општо не е рамномерна истрошена, левата страна повеќе од десната. Нормално, како секој лојален корисник на ЊЊЊ одма почнав да ја барам причината по бескрајните форуми на интернетот. И нормални, таму ќе најдиш се, ама буквално се. Од тоа дека има проблем со виљушката до теории на мотор кој имал сообраќајна незгода… пред некој ден истиот феномен го приметив и на "стариот" мотор, а денеска во фирмата ја најдов и претходната гума од стариот мотор, со истото по нагласено трошење од левата страна.
И така ја прифатив теоријата на еден од многуте "експерти" од интернетот кој го објаснува овој феномен со фактот дека ние тука возиме од десната страна па левите кривини ги возиме по брзо а и патиштата имаат наклон од лево на десно .

И така за мене Светот денеска постана за две работи по сигурен.

# мисли во лето…

gordan 28.07.2022




"Јас поздравувам само моторџии кои се во полна униформа, со вистински комбинезон, кацига, нараквици, чизми, другите за мене не се моторџии…"

Пред некој ден го прочитав во една "група на фацебукот". И ме замисли.

Јас уште од мал не сум се групирал, не сум бил во некој клуб, група или слично. Да имаше време каа оде у "Народна техника" ама и таму оде у сите соби. После фаname да возиме мотори, и се групираме моторџииски. Ама пак како слободни уметници, мислам дека живееме со сите моторџии шо ги имаше тогаш Кавадарци.

После дофтасаме у Швајцарската конфедерација. Години требеше дури се здружам у Македонското друштво. По касно со фотографијата се здружив и со човеците од »Јужнословенскиот Културен Форум во Цирих« .
И сега на крајот бев член на фотоклуб.

И сето тоа е убаво и функционира дури имаш интерес, интересно ти е или некој работи да ти биди интересно.

Македонското во мене престана да биде интересно кога сфатив дека ногу енергија и нерви трошам за да на доста членови му објасниш дека тука у Швајцарија никој нема корист од тоа дали си "од нашите или од вашите".
Со прекрасните човеци во Цирих опадна драстично интересот од кога водечката сила изгуби мотивација. Фотоклубот, го верлглав неколку години (од самото

зачленување) се со надежд дека ќе се "најдиме" и моите интереси спрема фотографијата ќе бидат задоволени.

И така сега пак ми остана моторката, и фотокамерата. И пак ќе си бидам моторциклист, и пак ќе си бидам фото-заинтересиран.

Моторциклист, затоа што веќе преку четириесет години возам моторизирани двоточкаши и никогаш не сум обожавал хевиметал, мртовечки глави и пламења, црни кожни алишта, и избушени ауспуси. Моторциклот како техничко средство за превоз сум го обожавал и уште го сакам и користам колку можам, ама можам и да му го извадам контактот и со денови, недели (и месеци со "Р") ич да не го возам. Па за тоа и не се чувствувам моторџија, и не, не одам по собири и барови кај се собират моторџиите. Да, ако има некој саем или некоја изложба на моторцикли ќе отидам, ќе посетам поради интересот кон техниката. Фотографијата, како клубски организиран не ја открив. Ми фалеше малку (малку повеќе) вистинската и интензивна презентација на фотографиите, мои и уште повеќе волјата на моите клубски да ги презентираат своите фотографии…

И така овие летни денови ме тераат да размислувам на тема занимација. Моторот не верувам дека ќе го баталам, убаво ми е каа ќе му се качам и ќе завртам кругче околу ридче, околу езеро, покрај реката, и си свирнам у некој тунел ☺ , убаво е.

Фотографијата, не знам. Моментално сум на точка кога се мислам шо со фотографијата, сај да штракам и по некоја сликичка по социјалните мрежи и воа интернетот да ставам??? Дали тоа му е потребно на човештвото, и на мене?

Или да почнам со нова занимација, на пример риболов (без динамит)?

Ама за такви работи треба човек да преспие. Ќе почекаме да помине летото и да се намали денот и со тоа се продолжи ноќта за да можам по долго да "преспијам, една ноќ"

# Понеделнички….

gordan 08.08.2022




Уште сабајле, не салам разденето, возачот на автобус како камиказе ми се мушна од споредната уличка. Точно е, на автобусите од јавниот превоз човек треба да им отстапи предимство. Ама виа, сабајле у шест саатот и првата недела во месец август, превозува исто толку патници колку и јас во колата – ИЧ. Таа, брзината од прилика 45 км/ч, со која се "вклучи" во главната улица остана иста, до следното село. Неколкуте постојки беа празни, без патници, па времето кое е планирано за застанување се компензира со бавно возење, па така наа зелената стрелка со која се бара да го пуштиш и на која пишува "DANKE!" скроз губи смисла. Ма нејси, ние време имаме. Денови ѓоа плева, баго мате. Проблеми не се автобусите, нив ќе му го фаниме редот (возниот) ама многу други уметници и мечтатели, тие ме загрижуваат шо смеат да се движат со разни возила по јавните патишта. За тоа што во "нивниот Свет" овоземските закони па и законот за сообраќај на патиштата не се толку важни. И така возејчи со моторката секогаш се концентрирам да откријам дали другите учесници во сообраќајот се концентрирани на сообраќајната ситуација или се движат водени од навигациониот уред или па можеби од космички сили. Возењето со моторцикал по човековата околина уште прави задоволство и ако се повеќе е поврзано со авантура. Четириесет години по улиците и патиштата и човек мисле дека има доволно искуство за да биде сигурен во секоја ситуација, ама во последно време се повеќе зачестија ситуациите кои настануваат од не способноста на другите да ги спроведат правилата за движење па дури по некогаш се чудиш како можат да ги прекршат и правилата на физиката!!! Логика од дамна веќе нема.

Ќе треба да си набавам трска за ловење риби…

Лето Господово 2022. Пак едно од ние години кога летниот одмор ќе го користиме малку по касно. Ама овој пат не заради "Тиквешкиот Гроздобер". Таа манифестација за мене изгуби се. Од значење, интерес, до забава и сичко. Нешто толку изобличено ниту сакам доживеам ниту на било кој начин го подржам. Ни сами ци направиме забава, свадба ☺
АМА како и во најбројниот дел во нашите досегашни патувања во првата татковина и оваа година имаме "фактор икс" со кој треба да рачунаме при патувањето. Ете северните комшии на Северна Македонија пак му залути на чмарот, па почнаа да се печкат! И сега ти мисли му а. Дали ќе остане само на закачка или ќе си ја кршат кичмата или ќе се уклучат и "стратешките партнери" па пак нас ќе ни ибат мамата, ни да си го окркаме.

И така човек пак ќе ги бара убавите нешта во малите работи и ќе се радува во пријатните моменти со ближните, во кревкото телешко месо, во ладното пиво, во новиот мотор кој "везе ѓоа стара Сингерица", во едната успешна фотографија, во спокојот на работното место…

И ќе скандираме:
За убавото утре, со Тито (може и со мито) НАПРЕД!!!

# Разгледници од …

gordan 27.08.2022




Вест на денот, на патот на Витачот одбележена средната линија со бела пресна боја!!!
Во градот, на никој не му текнува да ја одбележи улицата дека е затворена за сообраќај…




Час по математика по Македонски:

**Откупната цена на грозјето годинава бележи најголем пораст од 30 отсто. Оваа година грозјето од сортата смедеревка ќе се откупува по**

**13 денари за килограм, а откупната цена на вранецот ќе биде 15 денари за килограм, што е за 3 денари повеќе во споредба со ланските откупни цени на грозјето, се вели во соопштението од Владата.**




# Што јужније, то тужније.

gordan 07.09.2022



Што јужније, то тужније.
Би рекле северните соседи на Северна Македонија.

Не сакам, ама баш ИЧ, да пишувам за политика, ама во универзумот наречен Македониум моментално не е можно да напишеш било шо, а да не заврши со политичка дискусија или ако си воздржан со монолог.
Нашата последна посета во татковината бр. 1, започна со повеќедневно седење дома, условено од здравствени причини. Па така ја имавме можноста да ги гледаме програмите на "телевизиите" кои секојдневно ги емитуваат програмите за смирување на граѓаните. Утринските програми се основаат на "контактни" емисии во кој СЕКОЈ граѓанин може да си го каже своето "мислење". Нормално дека е тоа дното на човечката цивилизација. Јас тука ги жалам, а во едно и им се чудам на водителите, кои ако ништо повеќе имат завршено четврто одделение, а сигурно повеќето од нив и факултет, како се нафаќаат да седат пред камерите со фаца на "теле пред шарена врата".
Потоа следува блок на дневната доза политика во кој некој експерт или некој Гаши Маши расправа како ако дозволиш "и магаре да ти го фукне и змија да те клукне" ќе те интегрираат у Европа ѓоа ваквоа!
За потоа со блок на евтини турски серии повторно се смират страстите.



Нашите патувања низ Македонијата ги поврзуваме секогаш со желбата да апниме нешто автентично, традиционално, убаво. За разлика од годините кога имаше неколку места кои нудеа нешто повеќе од скара, денеска скоро секоја втора кафана се презентира како чувар на Македонската традиционална кујна. И да, има пристојни кафани кои тоа го прават, убава вкусна храна.
Само при секоја посета на тие "ексклузивни и познати" кафани / ресторанитe се прашувам како би било да на некој кој ме плаќа како електричар да му ја инсталирам куќата, извлечам каблите, наместам штекерите и му кажам "Еве, готово, ти поврзи ги како шо ти сакаш, како ти одговара."
Уште не можам да ја "сварам" ситуацијата кога ќе ти донесат салата издробена, аранжирана и декорирана АМА не зачинета!!! И сега јас како електричар треба да изигравам кувар и да солам и зачинувам салати ….
Очигледно имаме проблем со образовани кувари.
Како што е и проблемот со келнерите.
Жално е кога најдоброто послужување го добивме на свадбената веселба.

Таму каде што нај малку очекуваш.
Во така добро "ситуирани локали" добиваш послуга како ... , ма ни на кооперацијата го нема тоа, и на кооперацијата бакалот ќе рече барем "НА" или "ДРЖ". Во некои така добро нашминкани локали со уметнички слики по ѕидовите и излог на шо ти знам колку врсти на пијалоци иде дете кое треба да глуми келнер и ти се обраќа и те служи како задно да сте играеле д'га магарици у трето одделение.
Го разбирам разбирам очајот на газдите да најдат добар персонал, и разбирам дека нема веќе образовани келнери, АМА да се земи било шо како келнер... е тоа не го разбирам. За тоа, баш заради контактот со "келнерот" кој ниту врска од работата има ниту пак малку домашно воспитување, за тоа во моето сакано Кавадарци после последната посета два локали се избришани од мапата на угостителски објекти.
Ако човек не ги приметува нашминканите улици и фасади, ќе примети дека у моето сакано Кавадарци во 30 (со букви триесет) години скоро и да се нема нешто сменето.
И ден денеска, цената на грозјето се "формира" кога грозјето е у вреќите,
и ден денеска секој по обилен дожд поплавува делови од градот,
и ден денеска има чаршијари и тиа другите,
а на се одозгора во изминатите години се формираа убави блокови на наши и ваши.
И така човеците си се дружат колку шо можат и меѓусебно се мотивираат дека еден ден ќе

» Фотографии

# Долго топло лето…

gordan 13.09.2022




Лето.
Време на годишни одмори, време на слики од плажи, време за посета на татковината. Време на мудрости по социјалните мрежи у воа село шо се нарекува интернет. Тиа саканите омразени 1700, 1800 километри пак ги согазиме. Овој пат прекрасен повод, па затоа сите негативности ги потуркаме во заден план и сите проблеми ги скривме под тепих.

Последната посета на родната грутка почна со седење дома пред телевизорот. Традиционално, секое мое одење накај дома почнува со тегоби во стомакот. Ама ваа пата беа нешто по нагласени. Па така имав време да седам пред телевизорот и пред клаптопот и конзумирам од богатата Македонска медиумска ризница. Преживеаме.

Уште вчера сакав да почнам со забележување на импресиите, ама не знаев од каде да почнам.
После, не знам колку време, пак напишав коментар на еден натпис на фацебукот. Коментарот беше мое мислење и никој лично не беше нападнат или навреден. АМА, "чуварите" на јавното мислење ОДМА се јавија, и тоа како! Ѓоа на вечера да сум им отишол.
На времето имало некој си Јован кој бил ногу паметен човек и лафел паметни работи, па го прогласиле за светец и плус му ја закачиле придавката "Златоуст" и од Јован денеска имаме Св. Јован Златоуст. А у денешно време имаме еден куп златоустни, ама никако да а угодиме работата. АМА има и еден куп прости кои имаат пристап на тастатура и интернет 😕.

Покрај "златоусните" на поголемиот број на телевизиски станици, оваа година добивме допир и со палета на "чувари". Чувари на честа, чувари на традицијата, чувари на јавното мислење, чувари на религијата, чувари на брзините… и уште какви ти не. И нај лошо е што сите тие се самопрогласени или "по налог".

Јас немам ништо против човеците кои имаат мислење, свое мислење. И очекувам да другите исто така го акцептираат моето право на самомислење. АМА јок. Во универзумот наречен Македониум не важат правилата на логиката и физиката. Во тоа парче земја, наречено Северна Македонија (сега за сега) многу е важно кој си, што си и колку "статисти" има зад тебе дури лафиш нешто. Срцки ми се тиа, личностите кои стојат зад политичарите додека овие со сета своја енергија се трудат да го прочитат текстот кој е напишан на ливчето… Можеби не толку, ама друга група на чеда Божји за жалење се водителите на контактните емисии на сите телевизии. Ме зачуди нивната ментална контрола додека "почитуваните" гледачи по телефон ја објаснуваат силата која го држи и движи универзумот. Респект!
И поФторно ќе ги споменам моите сакани и ценети комшии на северот од Северна Македонија, браќата срби. Во нивната не исцрпна ризница на поговорки има една која моментално НАЈубаво ја отсликува ситуацијата на југот од нив: "Глуп јебе збуњеног!!!"

Во тие неколку денови во саканата ни татковина, разбрав ногу работи. Не дека тие не се разбираат во "туѓината пуста да остане" ама веќе неколку години озбилно се дистанцирам од секаков вид на вести од родната ни грутка. Во Македонијата има сигурно едно пет, шест илјади интернет портали кои секогаш и во секое време пренесуваат "потврдени и вистинити вести". На тие, различни, портали не ретко може да прочиташ иста печатна грешка. Стилот на пишување е како да си седнал у "ДЕЧКИТЕ" и препишуваш од муабетот.
Покрај вистинските вести, кој најчесто не се нај добри, секогаш има некоја репортажа или пишување на млад човек кој се жали од животот во Ѓерманија, Швајцарија, или америката  и убедува останатите да си седат дома оти тоа таму не е човечки. За да утредента на истиот или истиот ден на друг интернет партал прочиташ како комшијата на виа првиот у Ѓерманијата се снашол ногу убаво и за шест месеци заработил за стан, кола, одмор, чарапи и НЕпланира да се враќа у Македонијата. Еве јас на пример живеам во таа Швајцарија. И секој ден можам да пишувам за убавите работи, а исто така можам секој ден да пишувам за не убави работи. Живот. Зависи кој што сака човек да нагласи. За тоа не пратам политика дневна и телевизија сателитска. Телевизии/програми кои се "крстат" на гледачите да се јават и со саати лафат чаршички муабет, не ми треба. Оти опасни се експертите кои се јавуваат на телевизиите со:
– Добар ден, повелете во програма сте.
– гледачот/соговорникот: на која програма сум?
– водителот: на канал пет.
– гледачот/соговорникот: а која беше темата?
– водителот: таа и таа…
– гледачот/соговорникот: РРРАААта та та та та та ….
Спремни за се, на секоја програма и на секоја тема. ☹

Интересно што човеците толку ногу се радуват на сервираните "убавини" и не се спремни да отворат очите и да укажат на очигледните неправилности. А и не смеат ногу да лафат. Оти во тиа случаеви одма настапуваат некои од "чуварите".
Пример кој го доживеав и осетив, "официјалните" профили на општината на големо се испофалија и презентираа маркирањето на средната линија на патот на Витачот, ама на никој не му текнало во градот да напише дека улицата не е проодна за сообраќај. И нормално за шарката "лајк" и "браво", а за коментарот за улицата "делете"!

И така помина уште еден годишен одмор кој благодарение на свадбените активности нема да биде класифициран во графата "заборави шо по брзо". Одмор кој условуваше патување низ неколку држави. Патување кое условува размислување шо му имаме згрешено Господ па не казнил со најшупливите политичари и народ кој прифаќа СЕ, и магаре да му го фукне и змија да го клукне.

И така ќе останат мислите, позитивните, за една убава дружба која ги спои младите во животна врска од Бога благословена, за прекрасните моменти поминати со нам ни ближните и сакани човеци, за пријатните моменти поминати по кафаните сркајќи чорба ☺, за прошетките по старите калдрми. Како и тиа по малку убавите спомени, ама ајде тие ќе ги заборавиме за да следниот пак повторно со болно меше и добромисла се вратиме кај нашите….

# До кога?

gordan 27.09.2022



Во моето полувековно виреење на овој Свет разбрав и научив неколку работи. Дека демократијата и слободата се мисловна именка и дека во војна сите губат. Моментално, т.е. неколку месеци веќе (или години) Русија и Украина се во војна. Нај големи губитници се украинците, па русите, па после сите ние. Без да навредам некој или некој грешка да ме сване, сакам да се изјаснам дека јас не сакам да Русија ја изгуби војната. Не заради нивните интереси или против украинците, АМА ако "западниот демократски свет" ја "победи" Русија, тогаш, е дури тогаш ќе ни се ебе мамето на сите. Ако некоја "рамнотежа" што постои помеѓу "западниот демократски свет" и другите, Русија, Кина, и слични се наруши тогаш "западниот демократски свет" ќе има право да не однадуе како сака. Не дека сега тоа не го прави, ама од кога не "ставиа" во ред со короната, полека не управуват во правец на потполна контрола, ако ја "победат" Русија, тогаш целата енергија ќе ја вперат во креирање на идеален Свет, по нивно.
Се повеќе ме нервира автоматизацијата на сите сегменти во мојот личен живот. Ме нервира ситуацијата кога јас морам да ја свршам работата не другиот и за тоа треба и да му платам.
Одиш во самопослуга, не само што треба да сам си мериш и етикетираш овошјето и зеленчукот, се повеќе те приморуваат да и сам ги скенираш сите продукти и сам си платиш.
Одиш во сендвичара сам треба да си нарачаш и платиш на автоматот за сендвичот кој после голема е можноста да не личе како тоа на сликото од автоматот.
Паркираш со колата некаде не само шо треба да платиш однапред туку они сакаат да знаат и кој број на колата е и колку време ќе биде паркирана.

Нормално е (!) да секаде со некоја картичка се плаќа и секаде (!) твоите податоци се тајно чувани. За тоа е нормално кога јас на мобиЉката ќе побарам каде е најблискиот ресторант, после со неделни на компјутерот ми идат реклами со "најдобрите и најпосетуваните" ресторани во околината и подалеку. Нормално ли е кога ќе пуштам на јутубето некое видео за BMW R 1200 RT прво се изврtат две три реклами за бинди, ноќни кремови и кредити?!?!?
Отвараш некој натпис за вести од регионот, прво мора шест пати да потврдиш дека не сакаш реклами од забар, фризер, месар, и не ти треба баш сега НОВО осигурување за возилото.
Ме нервира шо Светот ( "западниот демократски свет" ) упорно работи на уништување на основните човечки вредности. Како бе може некоја која ниша со к'ковите и ги тресе цицките на "јутубе" или "инштаграм" "заработува" еден куп пари, а некој шо со години студирал не може работа да најде и мора да се снаоѓа да врзе крај со крај.
Телевизијата ни ја затруа, со тие сите инстант ѕвезди и измислени контејнери, задруги, гласови, и шо уште не во кои се презентира на нај вулгарен начин човечката глупост.

п.с.
Денеска е 27ми септември, Крстовден. Еден од по "тешките" празници во првославието. Може и грев ќе напишам, ама на денешен ден пред неколку години (2001) се случи крвопролевање (атентат) во парламентот на кантон Цуг. Човек никогаш не смее да оправда ништење на човечки живот, ама има право да си размисли зошто, шо, и кој поттикнал некого на таков ужасен чин.

# Дајте да дишам!

gordan 20.10.2022



Кавадарци, од Ѓермански рид до Турските гробишта, тоа ни беше нас социјалната мрежа, место за размена на искуства и глупости. Сме знаеле со саати да лутаме по градот не оптеретени со тоа што нашите панично не барале под дрво и камен… секако дека ќе го ебиш ќотекот одпосле.

На еден од нашите извиднички походи, пред бутикот на "Нововерецот" забележаме мотор со скопска регистрација. Беше "странски", по голем од Јавите на Боро и братучедот Трајко ама по мал од Сузукито на Црвенот. Почнаме да се вртиме околу него и да го гледаме, па така го слушнаме и муабетот шо го правеа моторџијата со женската и газдата на бутикот. Овој му обеќаше дека бојата на скајот ќе биде иста со бојата на моторот и дека оделата  ќе бидат ѓоа ваквоа!!! Дали ги соши и како испаднаа оделата на тиа скопјани, незнам. Ама знам дека тогаш, на мои 10 – 12 години, сфатив дека оделата за на мотор можат и да се шијат, а не само "готови" да се купуваат, некаде у странство.

Покасно со набавката на мојот втор мотор MZ ETZ 250, се појави потреба и интерес за набавка на вистинска мото опрема. Тоа време се појавиа кациги NOLAN на кои визирот, не како на југословенските со копчиња на стискање, туку имаа некоја си механика шо можеше во повеќе позиции да ги оставиш. Таква нарачаме по чи Блажо Ганчев да ни донесе од Италија, нели таму ги прават де. И чи Блажо ни донесе кациги, добро не беа Нолан, ама убави AGV! исто со "убав" визир и слушај, марка шо а користеше легендарниот Џакомо Агустини. Палто имав, тоа едно, зимско TOPER, панталони џинс, за по ладните времиња – квалитетни ѕиври. На едно од тиа мото-рилијата дОприлеп, "РЕЛИ 11ти ОКТОМВРИ" не фана дожд и си дојдоме дома накиснати, далеку од тоа сега да правам епски раскази од стилот накиснати ѓоа глувци или до коски, ама мокри.

И тогаш од "искуство" и со голема помош на мајка Љубица сошиме едни панталони за на дожд!!! Беа фармерки, кои од предната страна на ногавиците

добија “појачување“ од најлон (од вреќа за собирање грозје) и џинс од стари фармерки / во денешно време тоа се нарекува “ламинат“.

Лето Господово 2022-ро, се подновиме за сезоната со “нов“ мотор (не е битно кој по ред). И на ново почнавме со опремување со опрема. “Старата, потврдена и легната опрема не дека не ме бендисува, ама не личе на нов мотор со “ретро“ џилетки ☺
Одлучив да не шијам јас одела сам ☺, (“нововерецот“ не знам дали шие уште и дали во општо е жив) туку да си купам од без крајниот избор на мото опрема во Швајцарската Конфедерација.
И почнав, прво да се најде палто. Критериумите лесно палто за сите временски прилики. Лесно е човек да обере кога има помеѓу две да одбира, АМА кога има стотици??? На секое ќе најдеш по една интересна функција и на секое ќе најдеш НЕШТО шо ти смета…
И купив, марка палто, за секое време и секоја прилика, не пропушта ни ветар ни дожд ама дозволува да телото “дише“ – ВРВ на денешната технологија.
Добро бе да а, само ја ли мочав по темните улички??? ЗОШТО воа со “телото да дише“ не функционира кај мене? ИЛИ другите човеци не се потат, никако?
Ајде дај друго палто, па трето… Второто беше со веќе спомнатата “ламинат“ техника направено, и ако од марка која ја сакам и обожавам повеќе се чуствував како да сум во кошула за мачење! Ајде треќото белки ќе се угоде, за тоа шо не го “фалат“ ногу ниту по пишаните ниту по електронските медиуми, тие шо пред секоја репортажа те обавестуваат кој ноќен крем да користиш или која паста заби те праве најнасмеан!

Јас во последните месеци додека барам опрема за на моторот, често се борам со мислите дали ЈАС сум нешто изрод или нешто со мене не е во ред или само јас имам мислење дека тоа они шо го пишат е ЛАГА? Не ми е јасно како во денешно време кога техниката и технологијата е толку напредна не можат да го направат тоа шо го рекламираат? Толку ли е тешко да сфатиш дека бројките кои ги земаат за големина на конфекцијата нека ги пишат како сакат – нема врска едно со друго. АМА БАРЕМ ако продаваш палто кое си го крстил во големина XXL направи ги и ракавите XXL



НИШТО, мојата борба за набавка на опрема која можам да ја користам продолжува, се надевам,  дури ногу сакам да до следната сезона набавам баш тоа шо го сакам. А до тогаш, има доволно кафтани за комбинации, а и убави ѕиври имам!

Ќе најдам, па макар под дрво и под камен да го најдам. Само кога ѓе го најдам не знам кој да натепам. Палтенце бе, едно, без постави за топло и додатна "хидро мембрана"!!! Палтенце бе од еден дел шо ќе биде на тебе без да мислиш дека не смеиш да се  звртиш на некоја страна оди СЕ ќе се измести. И од кое може раката да ја извадиш без да се препотиш, уште еднаш. А ИМА, сигурен сум дека има.

# Фраер на струја!

gordan 24.10.2022




23-ти октомври, недела, во некои региони на Земјината топка дури празник. Убав есенски ден, планиран за едно возење со моторот, можеби и последно оваа сезона? Денот почна со поглед под маглата која скоро беше до езерската површина. СИТЕ метеоролози и врачари обеќаа убаво време, па ајде и покрај сивата позадина патот накај Алпските превои кои уште се отворени и прашање се саати пред да ги затворат за зимата, Апенцел ќе остане за друга пата.

Веќе неколку години живеам, работам и уживам во Швајцарската Конфедерација. Сум имал и повеќе време за дружба од колку сега, не дека сега повеќе работам или повеќе обврски имам, во спротивно, АМА со годините човек си сака повеќе мир и си го посветува времето повеќе на себе. Така од минатото имав искуства и слушав доста, а и уште ги има, "земјаци" од просторот на бивша Југославиа, па и од околните Балкански држави, како доста од нив го кажуваа ноа "антологиискиото": "виа швајцарците се глупи", "виа швајцарците ништо не разбират", "виа швајцарците врска немат како тоа се работе…"

Можеби тоа е и една од причините шо избегнувам контакти со "нови" фаци. Преку ваквоа ми е од типови кои со години плукат и кукат по Швајцаријата, а упорно тука виреат, не се осудуват да си заминат во нивната им света држава или барем во три пичке материне…

И така магловитото неделно утро го почнав со прошетка до гаражата во која е паркиран мојот моторцикал, да таа утринска прошетка од едно 200 – 300 метри убаво делува на крвотокот и расонувањето. Ако е село, местото во кое живеам е средено од "швајцарци кои од ништо врска немат" и функционира за сите убаво. Нема паркирање до скалите, паркирање пред куќа, де воа е само мотор на никој не му смета, ци паркираш на тоа предвидено место, ци платиш и на никој нема да му одземаш од правото на непречено движење.
Седнат на моторот патот исправен накај Алпите поминувам преку села и автопатишта се до Гоешенен/Шоелененшлухт (Göschenen / Schöllenenschlucht) од каде го "рачунам" моето возење за возење, не дека тиа 50 км до таму не се интересни или нема човек шо да види, ама возени се десетици пати, ваа година. И ОП на самиот "влез" во Шоелененшлухт – затворен патот! И тоа одбележано да и секој патриот од просторите на бивша Југославија забележи, со рампи, светла, знаци и патокази каде да фаниш за да поминиш како човек (не со камен или цигли или некоја талпа). Немаше ногу гужва на патот па така неколкуте возила без проблем поминавме низ Гоешенен, село на кое одамна му поминало "златното доба" па сега и ако старо го зрачи тој раскош и понос шо го имало пред 100 и кусур години кога се градела железницата и тунелите со кои се избушени Алпите… Го "исправувам" патот по кривините на Шоелененшлухт кој е реновиран пред една година, условено од срамежливиот број на возила на патот и чистиот и прекрасен асфалт ногарките беа тие кои мораа да страдат. Поминав покрај споменикот на Генерал Суворов за да испаднам покрај Андермат и хотелите на Саририс, комплекс на хотели во големина на едно пристојно село. И ако почна полека да роси, одлуката падна, ќе се поминуваат Фурка и Гримсел. Два превои од СветЦки познатите "Трио Класико", Сустен беше како опција за после Гримсел…




И така ги возам превоите, како шо доликува за ова време од годината, со посебно појачување на адреналинот. "Швајцарците кој врска немат како се работе" ги извадиле браниците и оградите од патот, спремни да се дочекаат

масите од снег и лавините. А патиштата на превоите ги памтам и сум ги возел и преди 30 години, тогаш беа стварно планински патчики, не ретко ќе налеташе човек на места каде оштетениот дел од патот беше закрпен само со шотер. А за тесно да не правам муабет, ако се подаде од таму Сепи со неговото Субару, ќе бараш местенце каде да се размините. Денеска, "виа швајцарците шо ништо не разбират" ги изградија тие планински патишта до тој степен што и туристите од далекиот исток имаат можност со нивниот автобус непречено да се движат и на превоите кои се високи и до 3000 метри над морето, ништо не разбират. Некогаш пред некоја година, седнат во едно кафене со "патарот" на иста маса и пиеме кафе, таму горе на Алпите на еден од превоите кои е отворен за сообраќај едвај 4-5 месеци, го прашувам шо есап имат да со години се гради реновира и ОДРЖУВА овој планински превој преку кој, кога е отворен во лето, дневно илјадници возила туристички го поминуваат. Се насмеа и ми кажа: ние не го правиме патот широк и сигурен за да можат сите од цел Свет со секакви возила тука да поминуваат, ние го правиме патот за сточарите на тиа неколку бачила шо се распрснати по секаде на планината, непречено да можат да си дојдат и отидат до каде имаат потреба, а не да чекаат со саати ако заглаве некој холанѓанец со кампот на некоја кривина… (држе вода)

ЕнергетЦката криза дали вистинска или створена секаде е "актуелна". Не плашат од сите можни страни со сите расположливи медиуми. Па да, и Швајцарија работе на струја. И тука секојднево не масираат, како ако јас ја заборавам ламбата да свети у нужникот допринесувам за пропаст на Светот!

Гримсел, едно 2200 метри над морска височина. Не застанав на езерцето, (добро само кратко две три фотографии) дуваше ветер ептен ногу дури накај "у пичку мајчин" (нај јакиот степен по кавадаречки!) па одма префрлив на другата страна. Неколку кривинки и поглед на Гримселсее, вештачко езеро на едно 2000 метри надморска висина, се користи за добивање на електрична енергија, толку кнап воа време… Го гледам и се чудам! Првпат, првпат во тиа 30 години како сум поминувал тука го гледам полно. Абе "глупи швајцарци", се полни ли езеро сега пред зимата, па нели на пролет треба да биде скроз празно за да може да се наполни??? Незнам, не ги разбирам ☺, шо зар помислиле дека треба сопствените резерви да им бидат спремни??? Нее, они така без план а работат, "виа швајцарците врска немат како тоа се работе…" Па да и шо уште сега ги маркираат и патиштата со портокаловите стубчиња, та не е уште зима, кога ќе заврне снег?, има време….



И така јас си се возам, си свиркам (а со моторот свирнувам и у секој тунел ☺ ) и мозокот пуштен на паша како кравичките по полињата кои ја уживаат пресната трева пред зимата, кога ќе ги префрлат на силажа. Си свиркам и си мислам колку на човек му треба малку за да биде среќен и задоволен. Две тркала, два цилиндра, и рачка за гас ☺

Е сега, "споделената среќа се зголемува" или како беше таа "мрежна мудрост"? Па така од секое мое возење може да се виде и по некоја фотографија (а по касно, задолжитувално) и некое видео.
Значи си се возам и се мислам (АМА да бидам искрен, мислам така по малку, само со слободниот дел од мозокот, концентрацијата и следењето на сообраќајот е во преден план!!!) и си мислам ти викам колку сме зависни од ноа струјата. Ако Франц не го наполни езерото со вода, а Ули не ни набави доволно струја од странЦво, шо праиме без струја??? Како ци ги полниме мобиЉките и це сликаме попат, за да веднаш моменталистички споделиме со нашите блиски и далечни пријатели каде сме биле шо сме виделе?

А не е толку опасно, еве ту нетња, у саботата тргнав на едно кратко возење, летоска кога го поминав Аехрли превојот не беше работела мојата сакана и мразена камера »GoPro«. Па ајде еднаш камерно да го поминеме превојот. Завршиме таа работа се спуштив во Кернс и го видов патоказот – Мелхсеефрут. Одма десен жмигавец и на лево (така е, у воа Швајцаријата врие од кружни токови). Одлуката еве и денеска два дена после тоа ме радува! Таков убав пола саат возење одамна не сум имал, за триста мерака.
Тоа шо со мене не беше мобиЉката да ВЕДНАШ споделам со моите сакани, ништо не стори да тиа пола саат (и пола саат назад) не бидат прекрасни мигови во кои се оправда сета потрошувачка на енергија, од струја, бензини, и топол воздух… МЕРАК
Ама таа е, мобиљката и мрежите социјални ни се потребни за да навреме ги информираме нашите роднини и пријатели. Оти толку ногу доживувања не стигнуваме да ги споделиме со сите лично. Не е едноставно. Порано еднаш ќе отидиш у војска и со години тоа ќе го раскраваш. Денеска т.е. у денешно време толку ногу работи работиме шо не пристигнуваме и самите да се преброиме, не па да раскраваш по човеците. За тоа е тука интернетот, и ентерот!




» Фотографии
»Видео

# На кој му е нај д’г ?

gordan 31.10.2022



Оваа есен во Швајцарија ќе се памети по тоа што октомври бил најтоплиот октомври од кога швајцарците ја запишуваат статистиката (почнале во годината 1864). Јас ќе ја паметам што и покрај можностите, неколку викенди времето е ТОП, не направив за мене задоволувачки фотографии. Некако есента поминува не како шо учеме и знаеме од букварот. Јас мислам дека поради доста веома врло топлото време природата не успеа да ја претстави комплетната есенска лепеза на бои наеднаш. Додека од некои дрва веќе сите лисја испопаѓаа, други дрва се уште зелени…
Ништо, колку толку ги искористивме последните "летни викенди во есен" како бонус. Тука, како ќе биде времето уште не можиме директално да влијаеме, индиректно, мамето и ебаме на природата.

Пред ногу години (пет) се стаписаме за да шетаме по клисурата Тамина. И сега гледам, скоро исто воа време од годината, по датум два дена по рано. Пристигнаме во Бад Рагац и разбраме дека клисурата е веќе затворена за посетители. Како сите лојални туристи и ние ОП у туристичкото биро на Бад Рагац и го прашаме момето која би била опцијата наместо шетање по клисурата. Момето ни објасна дека од другата страна на рекатa, во местото Мајенфелд може да паркираме некаде и да го најдеме "Патот на Хајди" кој на места се совпаѓа со "Винскиот пат" во Рајнтал. !?!?!?
Отидоме и ги најдиме и тиа и тиа пат. По ишпартаме по тоа лозјата и по некои си шуми од видот на "национални паркови", малку повеќе заштитени од нормално и по зачувани предели. И ме бендиса. Прво шо во општо не очекував дека толку големи "плантажи" на лозја!!! (по точно речено толку многу лозја) има на ваа страна од Швајцарија. И ВТОРО И НАЈУБАВО, во тиа неколку села во плантажите, винарии. Еден куп винарии. Ме фасцинира тиа тертип на одгледување на виновата лоза. Веќе триесет и кусур години живеам и работам во Швајцарската конфедерација, не сум разбрал колку е цената на едно кило винско грозје. Ниту пак сум слушнал дека имало некаде откуп! Само секоја година, воа време некаде, ќе кажат колку биле задоволни или не, лозарите (кои во едно се и винари) со годината и бербата…



Ама и тоа е тема за себе, несфатлива за некои региони од Светот. Некои (повеќето) работи тука во Швајцаријата и колку да се “спектакуларни‟ за туристите, толку се нормални што во општо не се ни рекламираат.

Тука е нешто спектакуларно кога ќе биде светско чудо! Кој бил во Швајцарија и се извозил со возовите низ Швајцаријата сета таа точност и нормалност ќе ја интерпретира како светски успех (кое во основа и е), ама тука тоа се рачуна како нормално.
Сензационално е кога четвртата по големина железница, ќе закачи сто вагони во еден воз и сето тоа ќе го движи 25 километри. Некој тука ќе рече, по америката возат возеви и по седум километри должина, не само два, ама не се возат по шини кои совладуваат 800 метри висинска разлика, и не поминуваат по тунели и вијадукти кои на места и до три пати самиот со себе воз се разминува!

И така човек само може да им се восхитува со иста мерка на тие кои со месеци работат за да на крајот го изложат виното во прозорот на својата винарија и на тие кои со месеци спремале и мислеле како да направат нешто шо никој до сега го нема ни помислено, не па да го направи!

Затоа на секоја наша прошетка сакам да видам некоја “веќе измислина‟ работа и да “украдам‟ од среќата на другите! Затоа што ногу убаво се забележува каде живеат среќни човеци…..

»»» фотографии

# HALT! Ausweis bitte!!!

gordan 05.11.2022

И пак, еден саат и петнаесет минути видео. ЗНАМ ни тиа шо се подолги од седум минути никој не ги гледа, ама имам некое убедување дека некогаш некој ќе ги изгледа или тоа ќе бидам само јас, некогаш…




Еве, веќе неколку месеци стои едено од тиа со огромен материјал и се плашам да го почнам со припрема. За тоа шо со него планирам да направам нешто шо со години го имам на ум. АМА со четири саати материјал немам искуство како да се справам,  време и мотивација имам или ќе имам.

Така и тоа споменатото последно видео од 1ч и 15 мин,  го направив и го ставив во интернетот, ама со една мала опција да човеците можат си одберат кое делче ќе го гледат. Па да видиме колку помага…

И така возејќи и снимајќи, и покрај уклучената навигација возам во правец однапред замислен ама со голема флексибилност и без срам да фанам друг правец. Планот да го "откријам" патот кој го преминавме пешки на нашиот последен излет се исполни, па така некаде пред границата со Лихтенштајн префрливме во модус "слободни активности". И не плански го поминав ЦЕЛ Лихтенштајн и поминав неколку километри од патот кој го поминувавме неколку пати патувајќи кон Македонија, на времето… Поминав покрај бензинските кои ги памтам по тоа што сме чекале и по пола саат да дојдиме на ред да ставиме од по ефтиниот бензин, а по касно и вигњета за во Австрија да си купиме. Некое ладно сокче и грицки за да помине времето додека чекаме на границата за влез во Австрија. Од бензинските останале само пумпите, кои сега се како и секаде на самопослужување, а од продавничките на бензинските во кои на времето "вриеше" од народ сега останале само празни прашлинави

простории со спуштени ролетни. Исто и на границата. Волкави канцеларии зјаат празни, тука порано пиле не можеше да прелета, а да не биде проверено од четите полицајци и царинарници и швајцарски и австријски.

Поминуваш и си мислиш каде замина Светот. Мрачни времиња беа тоа. Се осеќаме како луѓе од втор класа. За да им поминиш по нивната им држава, обично потребни се 6 – 7 саати, требаше да изгубиш еден ден по амбасадите да извадиш (и платиш) виза која ако тиа чиновникот у амбасадата бил ‶задоволен‶ предходната вечер од жената му ќе ти напишеше за една година, па ќе искористиш две – три одења со една виза.




Сега нема ‶физички контролери‶ на државниот поредок, бидејќи паметните држави сфатија и прифатија дека визи и пасоши ‶сите‶ можат да набават, а нај големите криминалци и дипломатски! Па така на границите не прашуват кој си и каде одиш, за тоа шо нашите ни лични уреди одамна веќе не имат издадено и пријавено каде одиме шо работиме колку трошиме и за шо трошиме.

»»» видео

# светот на нулите и единиците…

gordan 07.11.2022



Ете, секој со својата мака.
Јас викендот се борев со обработка и објавување на видео кое сум беше го снимал последното возење по источната Швајцарија. Материјал некаде скоро два саати. Ногу е, "поисечив" нешто, нешто прескокнав и ОНО пак саат и петнесет минути… Викам да поисечам уште малку. Ама после си викам па зошто снимав. И така видеото од саат и петнаесет минути е достапно на "јутубето". Знам дека нема никаква потреба, ама сите видеа ги обработувам моментално во еден од по јаките формати, 4К и 60 pps. И после од кога ќе го обработам го експортирам во најдобриот квалитет што го нуди програмата со која го обработувам … И ОП за видеото од саат и петнаесет минути ќе напише компјутерот дека испаднале 64,2 GB !!! Ајде на youtube-то! И после го гледам на тоа youtube-то не е тиа квалитет. И шо ми текна, викам ајде сега ќе го "симнам" видеото од youtube-то и ќе го споредам така, директно од компјутерот. Отварам youtube-то, го наоѓам видеото, ctrl+C, отварам програмот за симнување видео и аудио материјал од youtube-то, ctrl+V и почнува да симиња 14,3GB !!!
ЧЕКАЈ БЕ !?!?!? нели беа 64,2 GB
Земам стикот на кој беше префрлен "оригиналот" стискам на информации од видеото и оп: наеднаш не се
64,2 туку само
57,2 GB !!! гледам во листата пишува
60'484'040'192 Bytes или
60'042'926 KB….

Заебан е светот на нулите и единиците… Нормално дека нормален човек воа ниту има да го примети ниту има да го интересира, дури и јас кога би имал "нормална" работа не би го приметил ниту би ме интересирало ова сето, ама во

недостаток на мотивација и вишок на слободно време се улавам со бројки и табели за преречунување на бит бајт и други нули.




Понекогаш (како сега) седам и се мислам дали мојот живот е исполнет и дали го работам тоа шо го сакам. Понекогаш имам ногу слободно време шо заминува така, без нешто да се случи или створи. И секогаш до сега сум дошол на заклучок, дека е гут. Добро е така. Шо мора човек секогаш да работе и да ствара нешто. Не ли е доволно да го уживаш овоземскиот живот како човек и да ти е убаво. Е сега, замислите, претпоставките и очекувањата како е тоа "човечки" живот се ептен различни. Мене на пример викендот кој помина, ми беше убав. Се сретнаме и со поседиме со пријатели. Поседиме дома малку повеќе. И шо не се извози мотор или да се исликат еден куп фотографии некако не ме разжалости. Та претходниот викенд и се изнавозиме и се изнасликаме. А еве иде и друга, нова година, па и мудроста на дедо Мане ме смирува: "Денови ѓоа плева, баго мате!"…

Од друга страна исто, гледам по воа социјализираните мрежи, на пример, чи Петре става се нокои борци за слобода, кој кога се родил, кој кога умрел/загинал. И си викаш, гледаш човеците имале идеја, идеологија, цел и желба да направат нешто. И секој од нив допринесил да се створи тоа, или ТАА Македонија. И ШО СЕГА?
Се изродија изроди кои се раѓат само по еднаш у сто години, а они се родиле сто у една година и сега сето воа за кое некои страдале и гинеле, го распарчуват како погача за Бадник, само парата (парите) у нив да падне (дојдат)!

Ајде, иде "времето на ламбички" апаратите да ги наострам и да се радуваме на шаренилото…

# Разочарување

gordan 09.11.2022



Година 1987. Уште се осеќа или уште е тоа "Титова Југославија". На страниците со цени на нови возила во "Ауто свет" стојат, покрај неколку светски авто марки и две марки на мотоцикли, BMW и LAVERDA.  Толку. Толку избор имаше да се купи легално во СФРЈ. Истиот тој "Ауто свет" ни ги отвараше соништата кон YAMAHA, SUZUKI, KAWASAKI, HONDA, HUSQVARNA и слични кои со ногу "молења" и уште повеќе пријатели можеше некако да ги увезиш на приватно… Со игра на случаите, победите на релито "PARIS – DAKAR" и личната средба со еден ексемплар во Охрид, падна одлука да се набави BMW R80 G/S. Документите средени, се качив на авионот и правец Љубљана. После средувањето на документите, ја имав радоста да си го земам новиот BMW R80 G/S. Радост, шо да ти кажувам, како роѓенден, Божиќ и Велигден заедно! Радоста ништо не ја намали и информацијата од магацинерот кој ми го предади мотоциклот, дека мотоциклот има само едно литро, две гориво. Се заблагодарив кај човекот, и правец на првата бензинска.
И тука, на таа бензинска го доживеав првото разочарување, или разочарувањето кое до ден денешен го памтам… Мојата новодобиена љубов, BMW R80 G/S, која моите ја платија 8'990.- DEM и неколку илјади динари југословенски, немаше странична ногарка L .
По касно беше набавена странична ногарка комплет со штитници за цилиндрите, ама тоа, разочарувањето остана да се памти…




Година 2007. Новиот век веќе неколку години почнат, а дигиталната фотографија полека достапна за широките народни маси. После неколкугодишното користење на компктни дигитални камери се одлучив да земам дигитална системска камера. И затоа што прибидејќи поседував неколку објективи и камери од производувачот CANON, одлуката падна на CANON EOS 40D. Објективи, блицеви, далечински и слични работи компатабилни, па на радоста и немаше крај…

И повторно разочарување, толку фалената и високо котирана дигитална ФОТО камера која правеше супер фотографии немаше опција да снима видео филмови, а функцијата "live view" преку комплицирано заобиколка повиклива, за една фотогрфија. Функции кои сите дотогашни компактни камери со бравура ги умееја.

Пак разочарување.

После тоа, скоро сите наредни камери умеат да снимаат и то ва најдобрите квалитети, а live view-от му како нај нормална функција. И едното и другото можеби три до четири пати во година го користам.

… и сеа да се фанам ли за пинџурот!!!

# На месту волјно!!!

gordan 12.11.2022




Средина на осумдесеттите години на минатиот век. Титоград, денес Подгорица (и пред ерата Тито). Касарна »Морача«. Како и во другите касарни на »Југословенската Народна Армија« (претпоставувам) пакетите кои доаѓаа по пошта, се отвораа заеднички во некој не толку употребуван магацин. Во тие магацини се чуваа некои си стари не толку потребни опреми, шо облека, шо некои си кожни работини.

Некаде на оваа страна имам напишано дека освен што на човек му се врежуваат слики од детството/минатото, и извесни миризби се меморирани длабоко у нашата потсвест.

Јас и бројките, мојата фасцинација. Секогаш во сите бројки сум барал некоја логика и врска. 11. 11. 2022. Прекрасен датум 11.11.22. или во моите архиви 221111. И нормално, план беше да се направат 44 фотографии. Испаднаа 7. Има една кавадаречка изрека: "со домашен есап на пазар не се оди". Така и вчера, сето почна со глупото време. Чекајќи да се разубави времето се створи ситуација за интервенција па планот пропадна во вода, поточно во пумпата за вода. До следната прилика, на пример 221122…..
Обично во овој период на годината, една од активностите која ме релаксира е и консумирањето на топли коштани ☺ Ги има насекаде, во по големите места. Ама во Луцерн тие шо нај ногу мерак ми прават, коштаните, атмосферата и Луцерн. Веќе неколку години по ред коштаните си ги купувам секогаш кај истиот продавач. Не дека нема црвливи или расипани, ама убеден (бев) дека се нај убавите.




И така денеска ми требеше релаксација, после вчерашната фрустрација. Луцерн ми е "сигурен", секогаш е фотогеничен, не како ниа дрвцата во Ноихајм ☺ кои вчера ич не беа расположени за сликање…
Палиш автомобилот и правец Луцерн. Паркирам на скришното место под стариот бор и правец Ратхаусштег (Rathaussteg). Попат некоја фотографија да конечно допрам до топлите коштани.
РАЗОЧАРУВАЊЕ.
Коштаните и ако топли и супер испечени, имаа некој мирис кој ме потсетува на оние влажните, темни и скриени магацини. Некој мирис помеѓу влага и мувла.

Се пристапи на "план Б", со надеж дека ќе ја спасиме ситуацијата. И бидна, кај продавачот на другиот мост зедов само нај малата количина, со надеж дека ќе апнам убави коштани и бидна… И ако малку, задоволството беше големо! Ситуацијата спасена, овците на број. ПЛУС и некоја фотографија направено.

»»» фотографии

# лубеници и ТИКВИ

gordan 14.11.2022



Безкрајно долги редови на маси. Клупи за седење вудве, до душа во последно време се помина на столчиња. Не допечени или препечени ќебапи. Одвратен (омекнат) помфрит. И ГЛАСНА музика, повеќе накај галама!
Со тиа неколку реченици би ги опишал забавите по повод Божиќ, 8ми март, Велигден, патронатот на друштвото, кои се правеа и уште прават во дијаспората во Швајцарската Конфедерација или како што ги нарекуваат "естрадните уметници" од Македонија: КОНЦЕРТИ.
Од дамна не сум посетил некоја, со години…
На времето и разноразни трибини и средби со некои си политичари или чиновници на некое "министерство", "агенција", "координативно тело", некакви си "задгранични" израстоци и разноразни друштва и асоцијации сум посетувал и учествувал, се до моментот кога сфатив дека сето тоа е ГОЛА ВОДА.
Единствено од сето тоа шо ти останува е дружењето со убави човеци (и ако ретки, ги има) и вкусот на кромидот од ќебапите, до третиот ден!
Нај убаво и нај пријатно дружење сум го имал со "Јужнословенскиот Културен Форум" во Цирих. Човеците и ако од разни држави и националности од просторите на некогашна Југославија, имавме сите една љубов, кој како аматер кој како професионалец, уметноста. Тука, на тие средби и изложби, се разменуваа и покажуваа ликовни, поетстски, фотографски и други дела. За музиката беше задолжен Златко, Бог да го прости, и тоа беше акустична, искрена и без струја и без појачала. Од ова не се откажав, ова за жал заврши. По рефрените на песМата "зашто све што је лепо има крај…"

НовемБар 2022. Гонца спомна/најави отварање на изложба на нејзини фотографии во ресторантот на Иљчо. Датумот заокружен и потцртан со црвено. Ден пред тоа, добив информација дека нема САМО отварање на излоба да биде, туку на истиот ден во истото место ќе има и трибина со градоначеници од две општини од Македонија ?!?!? и "малку" музика, а сето тоа ќе го бележи телевизииска "куќа" од Македонијата. Јас се интересирав САМО за делот "отварање на изложбата".
Дојди денот. Гого си ја облечи најтоплата џилетка, запали моторката и правец Триенген. Времето беше на границата да те прогласат за не здрав шо на такво време возиш мотор. Ладно не, нели нај убава џилетка ( а имам и ѕиври ☺ ), ама магличката не правеше мерак при возењето, ИЧ.

И стигнав, поседив, ги ислушав одговорите на прашањата од страна на градоначалниците, форма стандарт (значи ако има нешто да им се признае на Македонските политичари, тоа е дека го имаат нај слаткиот, нај мотивирачкиот и нај не конкретниот говор). Апнав ќебапи, кои за разлика од оние на забавите беа како што треба (дури и кромидот не го осеќам веќе), послушав музика која ечеше како да во нај големата сала во Струмица, а не во еден ресторант со 15 маси и си тргнав пред да ме стемне….
Отварањето на изложбата и говорот на Гонца и модераторот не ги дочекав (извини Гонца, во друга прилика по убаво ќе си го испланирам времето)

ДА, после незнам колку време, присуствувам на Македонска "манивестација" (?) и после толку години, повторно утврдив дека НИШТО се нема сменето со "МакедонЦките работи". Желбата, енергијата, вложената работа, сето тоа на нај високо ниво. АМА ноа, последниот шлиф, тоа уште фале.
ДА, се видоме и со убави човеци. (муабет не се правеше, нешто, музиката беше гласна J )

Има една древна кавадаречка мудрост:
"две лубеници под една мишка не се носат!"
И не сте сфесни колку заебано тачна е и во 21ви Век!!
Ама ете уште не сфанаме дека такви "комбинирани" манифестации не се лесни за организација и уште по тешки за спроведување, поготово со "кадарот" со кој располагаме (шо би рекол Славе).

Како и да е, се извозиме (не плански) уште 150 километри со моторката за ваа година, и ако времето не беше за тоа. Сега можам дефинитивно да ја приберам за зимски сон (барем едната ☺ )

п.с. дали некој знае, дали е можно под мишка да се носи една лубеница и една тиква???

# А-пошта

gordan 18.11.2022




Условено од "глобалната економска криза", трговскиот систем и Светцкиот поредок повторно имам време на работата да седам и да ги пишувам овие мои мисли (глупости). Ги памтам "аналогните времиња" во Швајцарската Конфедерација. Пресно дојден и вработен во сепарацијата им се восхитував на организацијата за набавка и складирање на резервни делови. Обично ги имавме сите критични машини и делови и во магацинот како резерва. А за не дај Боже ако нешто не плански откаже имавме каталози од сите области на индустријата па делот беше брзо најден и нарачан. Зависно од потребата ќе почекаме два-три дена, или ако сакаме по брзо со А-пошта за да дојде следниот ден или ако е нешто ептен аџеле работта ќе нарачаш експрес и доаѓаше за неколку саати или палиш колата и одиш го зимаш.

Легендарен беше господинот Шол до фирмата "Роберт Аеби" претставник за багерите АКЕРМАН. Нему му беше доволно да кажиш од која фирма си и за која машина кој дел го бараш. Без броеви, шифри, или било шо. Моменталистички ти кажуваше дали тој дел го имат во магацинот и кога ќе го добиеме. Сите тие големи набавувачи на резервни делови имаа огромни магацини со сите делови во доволна количина.
Се појави WWW. Први продавници што сум ги користел беа digitec и microspot. Спецелизирани интернет продавници за техничка роба. Убавото беше шо тие робата директно ја набавуваа од произведувачот и ја продаваа и до 30% по ефтино одклоку во продавниците. Првите неколку дигитални фотокамери така ги купив и бев поносен што имам професионални камери по пазарџички цени ϑ
. Вентили, ремени, лагери и понатаму нарачувавме од доставувачите на тие

делови, од каталог, по телефон….
Ама како шо спомнав, времето и тертипот се смениа. Каталози од по неколку илјади страници никој не прави, digitec и microspot одамна не продаваат само техничка роба, а и нашиот магацин е сведен на заостанати делови од минатиот век.
Денеска СЕ се продава преку ЊЊЊ. Нарачуваш стискаш "ентер" и утре го имаш.
Го имаш утре, ако е кошула за 19,90 или кабел за 6,90.
После 28 години верна и одговорна работа откажа терминчката заштита на моторот на пумпата за вода. Нормално, тиа каталозите одамна не се важечки. Вртиш по познатите телефони, сите те "упатуваат" на нивната интернет продавница!!! А таму, кој си, шо си, број на ваа сметка, број на ниа број, број на долен веш…. Ништо, си викаш ајде, ќе трknam до електричарот у селото, он нека нарача. Човекот кога му кажав шо делче барам, упла го фана. Пробуваше, два дена. Нема, еден обичен термички шалтер (добро де 80 Амперски) нема никаде во Швајцарската Конфедерација. Време на испорака: 25 – 30 работни денови ?!?!? АЛООО!!!! 30 денови да стое сепарацијата??? Ами за 30 денови баба на рака ќе го сплетеше.
Нека, му се јавувам на "матичниот електричар" и го слушам истиот муабет, нема, тешко се наоѓа, ногу време се чека. Му викам, братучед, а ти да не имаш некој на старо? Изваден од некаде и ставен на страна "за да се најде"? И човекот увиѓаен па вика ќе виде и це јаве. И ОП, иамаме термички шалтер, не исто име и презиме и не 80А, ама се слагам и со 75А, само да врте сепарацијата, ќе почне да замрзнува, а сепарацијата полна со материјал, сега така ако замрзне до јуни месец другата година нема да се размрзне. Па здравје, у понеделник монтирање и после тридневна пауза повторно во производство…
Некој ќе рече сето тоа е поради оптимирање на доставата на делови, централни магацини, достава во точно одредено време…. па па ла пап…
Сето тоа е резултат на човечката алчност. Сите тие некогаш "фамилијарни" фирми кои, некој со име и презиме ги формирал и растеле со години, на крајот се продадени на кинезите и продукцијата ја прави нашиот пријателски и братски народ на Народната Република Кина, а магацините и канцелариите им се по источна Европа. И сега истите тие кои нај ногу "жнеат", си земаат за право да ни продават "глобалната енергетска и економска криза" се со цел да го исцицат и последниот грош од препечатените пари. Сите "учени" кадри си ја наплаќаат работат без срам и мерка, а човеците кои работат и со пот создаваат конкретни и допирливи вредности се убедуваат дека поради заради "глобалната енергетска и економска криза" мораат да се одречат од и тие малку задоволства што ги имаат.
Јас не знам до кога ќе го играеме орото, во секој случај додека колку толку ни остават колку толку парички за да си ги задоволиме тиа малку задоволства. А кога ќе дојде моментот кога гладниот не "гарантира за ништо" нема да се плаше и да одговара за било шо.

# Во виното е вистината, во фотографијата ц`!

gordan 23.11.2022



22 ноември 2022.  22.11.'22 ! на Гого дигитронот одма преработи и вика денеска треба 55 фотографии (22+11+22=55). Не успеав. Само 22. Пофторно времето и атмосферата си подиграа со мене.
Јас одма да си кажам, не дека немам photoshop,  и не дека не го користам. Дури photoshop-от ми е нај саканата и нај користената програма. Го користима за коректура на светлината, "калибрирање" на боите, и НАЈ ногу за исправување на хоризонтот! Хоризонтот или објектите кои ги фотографирам, секогаш ми застануват настрана кога ги сликам , тоа пустињето ☺ !

Пред некој ден посетив една трибина на еден фотограф од "нашто маало". Роберт Боеш, живее во Обераегери, а студио му биле сите планини по цел Свет, шо по висока тоа по згодна за него.
Човекот расправаше како покрај алпинизмот се префрлил во фотографијата, професионално. Си призна дека на почетокот од кариерата, кога фотографирал бидејќи бил таму, неговите фотографии и ако со просечен квалитет биле секогаш купувани од разни ревии и редакции. Квалитетот не бил толку битен колку ексклузивноста на фотографите од места кои до тогаш човек ги немал ни видено, не пак да ги има фотографирано. Подоцна кога се определува да постане професионален фотограф, фотографиите биле на нај високо ниво, а местата и акциите кој ги фотографирал уште биле уште единствени и ексклузивни. Човекот не само што ги има искачено Ајгер-нордванд и на Монт Еверст туку на неколку пати и како "фотоерепортер" кога прати некои

алпинисти за кои се прават репортажи или филмови. Неговите фотографии се како и моите. Сурови и искрени. (за квалитетот не праиме сеа муабет ) Спомна човекот дека исто така не обожава обработка на фотографијата до степен на "смрт на фотографијата" и дека се нервира кога ќе изложи фотографија која се фотографира "еднаш во стоте години" и некој ќе му приречe дека е убава ама не морало толку јако да а преработи!!!

Да реалноста во фотографијата одамна веќе не е автентична. Работата со фотографијата е забегана, поготово со појавата на "инштаграм" и ниа инфлуираните од инкубатори. Па така кога некој стварно ќе направи прекрасна фотографија, сомневањето дека е дело на photoshop е оправдано.

И така, јас ќе продлжам да штракам фотографии од мојата животна средина, ако треба ќе ги подзавртам тиа два три реглери во photoshop и ако се 22 а не 55, шо да првавам, 22 се. Можам тиа фотографии, неколку од нив, да ги поминам преку неколку "присет-а" и да испаднат ѓоа ваквоа. Ама мене тоа уште не ми прави радост. Можеби за некоја година, кога не ќе можам да шетам и да бидам дел од природата. А до тогаш ќи го има тоа шо го има.

Во истиот муабет со господинот Боеш беше и кажано за репортерската фотографија исто е важно што стои во легендата/потписот на фотографијата. Еден ист мотив може да биде пријатно прифатен или да возбуди одбојност зависи како е насловена т.е. што е запишано за фотографијата. Па така фотографијата како нем сведок и не може да се "прифати" како сведок, ако нема искрен текст.



# Сон, во “једне ноќи у новембру…“

gordan 24.11.2022



Кафенето полно и задимено….

“Al karta je kurva, izvin te me što psujem,
Jer ja samo pričam onako kako čujem.
….“
осумдесетите години на минатиот век, си пееше легендарниот Ѓорѓе Балашевиќ. Си пееше и никој не се возбудуваше на зборовите или зборот “курва“.

Почеток на осумдесетите години на минатиот век како љубител на моторцикли, YAMAHA RD 250 (350), двотактен двоцилиндраш, ни беше СОН. После некое време ги направија уште по ЈАКИ и му додаија уште некоја буква, YPVS. YAMAHA RD 250 (350) YPVS . И така тоа со буквите, шо повеќе букви тоа по јака машината, ни се врежало некаде во подсвеста.

У тоа време, осумдесетите години на минатиот век, “хонорарно“ работев на пазарот во Кавадарци, од цреши, преку праски до јаболки и круши се продаваше скоро цела година нешто. Муштериите не ги делев, дури и Илто Момата, единствениот познат, признат и сертифициран педер тоа време, беше пристојно услужуван (со овошие!).



Спортот слабо ме интересирал, од века. Да у тоа време, осумдесетите години на минатиот век одеме по тиа спортските збиднувања у градот, ама повеќе од интерес да се "дружиме" пред се со женскиот дел од публиката…
До душа тиа спорт и спортот шо у денешно време се тера, нама врска едно со друго. Фудбалот како еден од најмасовните спортови е "слика" на човечката глупост. А и секој спорт кој има повеќе од еден актер е бизнис. Замисли играиш со уште десет други кои не се сите исто мотивирани (платени) и не се сите исто спремни да дадат се од себе, против единаесет други, а шест седум трети па ти судат. И на крајот таа топката скака како она сака.
НЕ.
Ете и скијачките скокови, кои ги гледав осумдесетите години на минатиот век секогаш околу Нова година кога е турнејата на четирите скокалници, не е тоа шо беше. У тоа време, осумдесетите години на минатиот век на скијачките скокови победуваше тој шо ќе скокне, прелета нај долго. НЕ, морало и тука да се уфрлат судии и поени. Па дали скокнал убаво, па дали летал убаво, па дали слетал перфектно па дали оделото му стое убаво…

ЧОВЕЦИИИ!!! Секаде, секаде кога некој "судија" ќе почне да спроведува правила, се еба работата. Човчкиот егоизам и желбата за искажување моќ, алчноста да со лична пресуда ја промени природата и логиката обично е автогол. Таканаречените професионални спортисти, кои во полна свест (толку колку шо а имат) насочени кон противникот со намера да го повредат или уништат, судиите кои не виделе тоа шо цел свет го гледа, правила кои тиа 6 – 7 судии можат да ги тумачат како сакат, сето тоа направи да јас во општо немам интерс да гледам едно од "НАЈГОЛЕМИТЕ СПОРТЦКИ ЗБИДУВАЊА НА СВЕТОТ"

А сега плус па тиа високо ценети спортисти, идоли на милиони деца низ цел свет сакат да не убедат дека педеризмот е нормална работа. А да, сега веќе тоа не се педери, судијата пресуди и сега ќе бидат "ЛЪЃБЊш" ( или така некои букви, ама не YPVS). Ама тоа не е ни до нив, спортистите, фудбалери. За тоа шо најголемиот дел од нив немат ни осмо одделение завршено. Они се едноставно инструмент на денешноит СветЦки поредок и медиумите кои не канализираат во текот на нивниот план.

За дуго место не можам ногу да кажам, ама во Швајцаријата педерите, лезбејките и останати од ЛЉМНЊ движењето одамна се веќе насекаде во јавните установи и во сите пори на во општеството. И со помош на лево ориентираните власти заштитени како "бели мечки".
Е СЕГА тоа не е доволно, никој никаде не им брани да си се лижат, онадуат со или без крставица, да се облечуват и работат шо си сакат, АМА браќо и сестри од УФХЦЧЏШ не очекувајте дека треба целиот Свет да се прилагоди кон вас.

И СЕГА светЦките фудбалски ѕвездички ќе покажеле знак на подршка на сите угнетени од ЃЕЖЗЅИ. Абе педерчиња ни едни, јас како родител ќе ви речам "ојте бре у пизде материне, ма у тре лепе пизде материне". Такви ли треба да бидат идоли на милиони деца?!?!? Сакате да помогнете, да укажите на проблемите??? Ами одкажи те се од по некоја дневница и дајте пари за гладните, болните низ цел Свет. Ако еден од вас па ја поклоне цела "плата" ќе неможат нас, тиа шо у темно одиме на работа и у темно се враќаме од работа, да не масират со пред Божиќни молби за донации.

ЗОШТО? ЗОШТО СИТЕ треба да бидиме љубители на педерите???

Факт е дека Светот веќе забеган. Властите, медиумите упорни ни продаваат човечки права, ама цената они пак ја утврдуват. Скриени зад штитот човечки права и демократија упорно и квалитетно се борат потив секој кој има време и простор лично да размислува. Работата е дојдена до таму дека ќе а ебиш казната ако на педер му кажиш педер, или за црнец да го кажиш дека е црнец!?!?!? Секој некако е повреден у увреден. Да не уклучувам верска верзија. САМО едноставниот фамилијарен христијански бел човек е запоставен и оставен како главен кривец за пропаста на универзумот.

Полека се допива последната чаша "ВИТАЧ", утре главата ќе боле,
Во позадина оде
"мала мала мала група педера…."
наеднаш престанува музиката и оде апелот на владата за штедење на струја и енергија?!?!?

А да, првите вести во 05:30 ч !!!
ставај и ајде на работа, доста сонување….

# и тогаш дојди Чак Норис!

gordan 02.12.2022



Ставаш во темно за на работа.
Добро е, сме спиеле добро. Тргнуваш за на работа, патот блокиран. Јас ќе почекам, ама телето шо го донесија во месарата ќе му биде последно утро. По патот врне дожд, ама арно е, јас сум со кола, на топло. Нешто гребе глото, ама после првото кафе белки ќе биде по арно. Стигнуваш на работа, темно. Ама кафето пресно и топло. Првите муштерии идат уште не осамнето салам, сите се жалиме, ама и сме среќни шо има работа. Куферот од моторот исушен, може да се фарба. Не испадна убаво, ама па и заштедиме некој денар, со "уради сам". Далеку сум од дома, ама има телефон па се слушнаме со мајка. Куферот, фарбањето, не ме бендисува. Избришана бојата, ќе се организира спреј, не со четка да се фарба. Барам штекер за да приклучам, монтирам навигација на стариот мотор. Нема ништо на лагер. АМА имаме време сезоната е завршена а следната дури за некој месец. Грлото гребе уште, се јавив на невестата она е добра, не е од вечерата синоќа значи. Синоќа славеме годишнина, па посетивме еден "извикан" ресторант. Јадењето изобилно, ама ништо специјално. На радиото а пуштија "Јерусалема", радиото го изгасив. Надвор се осамна, ама не се раздени. Тмурно, мокро и мрачно… Ручав, јадењето од вчера спремено, ама по убаво одколку вчера у ресторантот! Грлото уште гребе. И после два чаја со мед. Се прават планови како да го решиме тоа со грлото, ако и понатаму гребе или се појача, дали е грип/корона или е само од сувиот воздух? Вечер дали ќе одиме на Божиќниот пазар со пријателите или сами? Дали за утре вечер закажаната посета ќе одложи или невестата сама ќе оди кај бебето… Во меѓу време се услужуваат муштерии кои и покрај грозното време спорадично идат. Експертски диалог со чи Пане. Одлучено за првиот пристап

кон ситуацијата. Читање на "електронската пошта" пакетите кои се чекаат кој стигнал, кој е по пат, кој лута на пат. Ако нема нови компликации се ќе добиеме до крајот на неделата. Сакаш да спремиш шаблон за моторот, испадна ѓоа конструиран од некој инжињер со 20 години работно искуство. Шаблонот се прекрстува во држач за навигацијата. Газдата дојди во фирмата. Стручен разговор, испратен газдата. Пособрани алатите по фирмата и патот накај дома. Дома стигнат пакетот со едната фотографија. Фотографијата закачена на ѕидот. УБАВО! Облечување топло и го исправиме патот накај Еинсиеделн. Божиќен пазар, топло вино, кафе куетер, ловџиски чај, сервола, кеизершмаре, аепфелкуехли, еден лампион и ајде пак накај дома. Изморени, во колата топло. Дома стигнати, средување на фотографиите. Грлото уште гребе. Правење чај. Чајот испиен. Фотографиите средени, грлото уште гребе. Шеќер у ѓезвето и ајде топла ракија. И вториот пакет дојди!!! Во девет саатот навечер! Календарите убао изгледат. Првиот изгребан уште на отварањето. Топлата ракија делува, задремуваш полека. Тоа е еден ден. Следниот ден спак со нови радости и нови грижи. Доаѓаат рачуни за осигурување на возилата, ама до крајот на месецот ќе дојде и "тринајстата плата". На работата стандарт, кафе пиење, муштерии услужување, сепарацијата  надгледување да работе. АМА една лента (нај забарикадираната) блокира. Зимаш лопата и пцостите по ред. Дури некаде на буква Т по "Кавадаречкиот лексикон на пцости" успеваш да ја курдисаш работата пак да работе како што треба да работе.
Свраќаш дома од работа изморен и истрошен, а гребењето на грлото поминува на течење мрсоли и главоболка…

Дувна ветре развигорче
Никола Тесла
Дивље Јагоде

Не, Гого нема "моја песна", Гого нема нај сакан пеач, Гого нема идол (тоа дури и Библијата вика да не си правиш идоли) ниту пак некогаш навивал за некој или некој тим. Виа горе напишаните се секој на свој начин нешто што го ценам и почитувам. Ама за нив "вени да сечам", ЈОК. Уште како дете не ми беше јасно ЗОШТО некој навива за некој фудбалски клуб, во тоа време познат само преку весникот или некогаш на телевизорот. МОЈОТ КЛУБ?!?! Не ми беа јасни сите тие деца шо навиваа за Ѕвезда, Партизан, Динамо или Хајдук?!?!? Ај за Вардар и така и така, тука беа они, со алтобус се одеше до Скопјето. Да навиваш за Тиквеш можеби е фамилијарна или роднинска обврска. Ама и тогаш….

Еве гледам у денешно време кога Светот е постанат глобално село, како уште имат и тоа уште повеќе имат навивачи разни ИЗВИКАНИ клубови. Мене УШТЕ не ми е јасно ЗОШТО човеци навиваат, жалат, се радуваат, се соживуваат, се горди, се поносни или огорчени со некој си клуб, спортист. Еве да речиме Гого навива за тимот "Т" во кој играе играчот "Х". Играчот "Х" заработува неколку милиони за тоа шо има дарба, талент и ја вложол сета своја сила у тој спорт. Играчот "Х" трче или не и тимот "Т" победува или губи. И сега треба Гого да се радува или тажи или нервира. Да еве ќе победе тимот "Т" со играчот "Х", АМА тоа не е мој успех, или ако изгуби тимот "Т" со играчот "Х" јас ништо не сум крив. Тоа се успех нивен на тимот "Т" со играчот "Х" па макар тоа да биде и репрезентација. ЈАС ништо ниту губам ниту добивам, јас ќе морам утре сабајле

во 05:30 да станам и да го исправам патот накај работата. Јас ќе морам да бидам љубезен кон муштериите и ако ми у тој момент се до преку … дојдено. Дали играчот "Х" ќе земел 5, 15, или 150 милиони, рачуните за колите и моторите ЈАС морам да ги подмирам. НОРМАЛНО денешниот "спорт" е најголемата печатница и перална на пари, и како у секоја фирма ногу човеци работат еден ги собира парите. Имало Светско првенство. Нека си играат децата. Лошо е шо "спртот соединува и во спортот не се меша политика" а оно и двете екстремно не тачно. И тоа со измешаната телевизииска програма ќе помине. Некои ќе се наречат после тоа Светски прваци, другите ќе ги изедат шпагетите и компирите и ќе си отидат по дома. Гого пак го чека сепарацијата.

# Празнично, ама на "нај слабото"

gordan 09.12.2022




Дали само мене клемите ми се измешани или човештвото е дојдено до степен на рамнодушност. Да возачите (или тие што седат зад воланот) на моторни возила, уште ме нервират од дното на душата, кога "дремат" на семафори и на сред раскрсници. Други работи не ме нервират, ама во последно време се повеќе ме вознемирува лигавењата од стилот "за да ја спасиме планетата Земја треба да поскапиме, со горивото, со струјата, со кафето, со патарината, со осигурувањата … и во исто време мора да се одкажиме од барања за поголема плата или исплата на прекувременото работење"

Ме вознемирува прифаќањето на "сервирани факти" од типот ајде сега сите да штедиме струја оти ќе нема. Ама пред да снема треба да ја поскапиме за да се

регулира. И да, мислите му, а и планирајте шо прво ќе исклучите ако дојде кнап струјата. Еве сега ќе почниме со Божиќното/Новогодишното осветлување.

Да тоа, Божиќното/Новогодишното осветлување или по добро кажано непоставување на осветлувањето, со изговор дека ќе заштедиме незнам колку енергија, ме наведува на мисли дека некои си структури од општеството пофторно си прават експерименти со нас, исто како ниа со короната до пред некој месец, да се утврди колку сме глупи и колку сме спремни да преплаќаме за продавање на топла вода.

Не дека јас ногу сум по тоа декорациите, еве и мене не ми се наместени ламбичките уште, ама тоа кај мене почнува од Св. Никола до православната Нова година. И тиа ламбичките, ставрно се позитивен елемент во ова време од годината кога денот завршува пред работното време. А топлат душата, а плус и по некоја убава фотографија се створува.

Се чудам со кои задни мисли телевизиските медиуми ни пласираат информации и реклами. Во секој рекламен блок оди нај малку една или две реклами за штедење струја (не се бањај во када – туширај се, не вари гра у тенџере без капак, …), да во истиот блок реклами го покажат кока-кола-камионот, осветлен повеќе од било која "грчка сканија" со Дедо Мраз оклештен како да е внук од сестра на Мерилин Монро а не светец од блискиот исток. Тоа е кога животот му го отстапивме на режисерите на ефтени холивудски филмови.

Пред некој ден, навечер, отидов до Луцерн со ниет да направам некоја фотографија од празнично украсениот град и секако една рака коштани да апнам ☺ . Се потрефи да е работен ден, малку магловит, малку влажен, малку ладен и плус Швајцарската фудбалска репрезентација играеше на свеЦкото првенсто (последната утакмица ☺ ) гарантирано ќе биде прекрасно да се фотографира, ќе нема ногу народ по улиците… Попат поминувајќи преку неколку села приметив дека исто како во нашето село така на секаде ја нема наа предпразнично со ламбички разубавена атмосфера. Си викам ајде, Луцерн си е "Градот на светлината" сигурно ќе биде барем он дурдисан. Тикви. Влегувам у градот, "стање нормално". Си свете уличното осветлување ама повече од тоа не, тука – таму по некое на прифатно осветлено ќоше. Ја нема ниту огромната елка пред црквата, ниту елката кај БУХЕР свети, а хотелот ШВИЦЕРХОФ кој со години се тужеше со градот заради неговото "пастелно" осветлување кое не се совпаѓаше со концептот за осетлување на градот, и он во темнина… НИШТО, си купив коштани од матичниот продавач на коштани, ја изввртив кратката тура по градот и ајде куќи!!! Остана една огорченост, не од коштаните, туку од ситуацијата која е направена со, би ја нарекол, зелена револуција.

Другата вечер по работа во Цуг. Се паркирам како и секогаш во центарот на градот и ајде до тие две три места што треба да се заврши по некоја работа. Не, незажалив што фотокамерата ја оставив во колата. Истиот терк. Изигравме спасители на планетата земја. Некогаш раскошно осветлениот трговски центар МЕТАЛИ декориран со некои си лампиони и фигури со стил на "Рада Поцева".

Цуг, место каде се тргува со една четвртина од светските ресурси!!! Штедат на ламбички!!! Толку бледо. И бедно.

Ајде уште една преверка, ваа пата во Цирих. Светски познатиот Цирих. Плус во ова време во Цирих имаше три-четири Божиќни пазари. Скоро истата слика. До душа, Баноф Штрасе празнично осветлена како секоја година, ама само она. Плус некоја уличка лево и десно ама без концепт па така и тука се осеќа "зелениот бран". Од тоа божиќните пазари исто така само мизерна верзија. Порано имаше од "свирче до памук" (шеќерен), сега малку лампиони, некоја играчка и еден куп јаденија од шо повеќе земји на земјината топка за кои не си ни знаел дека постојат… Апнаме нешто од штандот на нас братскиот и пријателски народ на Шпанија, две раци коштани, се напиме топло вино, платиме 15 франака за паркинг и ајде дома, на топло (и топла).




Пред ногу години имав еден конфликт со газдата. Иде он како шо е редот да провере како оде работата и слушна дека радиото работе во работилницата а таму нема никој. И ни ги удари калаите, на шо личе тоа демек струја се трошело, воа ноа, не сме пазеле и то. Јас тогаш му ја објаснив ситуацијата гледано од страна на електричарот во фирмата. Можеби не ја прифати, ама го сфати  фактот дека радиото може да работе и цела година и нема да истроше толку струја колку шо ќе истроше струја една дробилка од сепарацијата ако работе пола саат напразно. Да капка по капка море, ама човек треба да си го направе есапот ако може со пет-шест мочажи да направе море дали сака да чека со години да капе капка по капка за море да се направе….

Мислата ми беше ме вознемирува ситуацијата на владите и газдите кои ни сервираат ситуација дека ние треба да се грижиме за зачувување на планетата Земја со одрекнување на тоа малку задоволство што  можеме да си го дозволеме, само да го свртат вниманието од СРАЊЕТО кое ОНИ го имат направено.

А на карј на краиштата, ни Леонардо да Винчи немал струја и интернет па човекот има измислено, направено работини шо огромен дел од човештвото ни денеска со сите "АПП"ови не може да ги постигне….

# рѓа

gordan 23.12.2022



Декември, последниот месец од годината. Полека се планира како ќе презимееме, моторциклистички. Планот е основен и јасен. Регистрацијата не се откажува, исчистени подмачкани како да нема да се возе до април од година, ама спремени и секој момент да се испадне на терен. Оваа година, после неколку сезони повторно два моторцикли на располагање. Едниот спремен за сезона ’23, а другиот при рака за температури 10 +
Е сега при престационирање на мојот сакан и верен R80 RT, приметив дека “искусниот“ ветеран не работи баш убаво округло ☹ . За среќа, за штелување на солидниот боксер-мотор потребен е еден штрафцигер (во народот познат како одвртувач) и малку слух. И така уште попат си викам шо ќе ја одолговлачуваме работата, вади штрафцигерот од алатот и врти на тоа штрафчињата. Подигам седиштето на моторот да дојдам до алатот и шо ќе видам ?!?!? Р’ЃА. Две купчиња р’ѓа врз капакот од алатот… Јасна е работата од каде идат. Од седиштето, поточно од издушокот на седиштето. Така не беше планирано, виа мотор треба да биде да е спремен за хитни возења!!! Ама бидјќи, затоа што, најавуваа снеговите и ладно време, вадење седиштето и во “лабораторијата“.
Од надвор и не изгледаше ногу лошо, АМА кога го распакував, шо ќе видам, гнездо на р’ѓа. Јасно беше дека нема да се отстрани р’ѓата за пола саат. Па за тоа си викам, ај да видам колку се по продавниците. И шо ќе видам, по 400, 500 еврињa ако сакаш оригинал ново по фабрички терк правено. Си викам ај да видам некој од виа тапацирите за возила шо викат они? Ооо, ценички доста веома врло интересантно. Четвороцифрена бројка не те расправа. И бидејќи сум дете од времето на “ОТО“ и “Уради сам“ си викам оти да не си ја пробам среќата и во водите на столарството / тапацирањето… Ако за нешто ме бива, тоа е да растурам, разштрафам нешто.
И така после една недела, неколку саати работа, мала инвестиција и ногу емоции (си ги пофториме дел од кавадаречките изворни пцости) седиштето е пофторно на моторциклот со ГАРАНЦИЈА дека наскоро нема да пушти ни ронка р’ѓа.

И сега остана за размислување, стварно заштедиме 300 – 400 франки, ама дали они го покриват вложеното време и насобраната нервоза? Па ми дојдоа на

памет и човеците кои тоа го работат професионално и ствараат прави уметнички дела со нивната работа. Дури сега ја сфатив ситуацијата, дака од нив бараните неколку стотици франкови да го поправат седиштето не ни толку претерана. Замисли, јас тоа шо го направив во 6 или 7 саати, они ќе го направат за саат, два, АМА нивното искуство не е стекнато во 10 саати.

И така сега во ова предпразнично, не толку "назначено", време ми се вртат многу други мисли во правец на тоа кој колку го цени другиот! Баш размислувам зошто не оставиме да секој ја работи работата која ја знае и ја прави како што треба? Зошто мораме да пробуваме да направиме нешто подобро од другиот, на кој тоа ме е животна ексистенција? Ама некаде длабоко во нашиот Македонски код / ген врежани се работи кои никако неможат да се избришат. Вековната окупација и експлоатација направила да Македонецот во душа се осеќа сиромав. Па се штеди каде може до скроз. Се работат работи дали не бива или не, не е важно важно да се заштеди денар. Или ноа со гладот. Еден век (или со векови) се јаде на гозби како да ќе биде тоа за следниот квартал. Условено од вековното немање, на секоја слава мора да се изнаправе јадење мислиш војската на Александар Македонски на вечера ќе ти дојди.

Ама има многу не разјаснети мистерии на овој Свет. Еве на пример, пред некој ден Аргентина постанала свеЦки првак у фудбал. Милиони аргентици во еуфорија и транс ги дочекале "хероите"(?!?!?) од Катар. Па тоа било славје, па тоа било радост… Сега, се мислам што добива една нација кога 10 – 11 деца шо играат топка под нивно знаме? Дали сега еден човек отиде да си купи внатрешна гума за тракторот ќе му ја продат по ефтина заради тоа шо некој таму фудбалер имал среќа и дал гол ??? Дали на некое семејство у провинцијата на Аргентина кое се боре да го врзе месецот ќе им се намали сметката за струја? Оти некој таму ја фанал топката. Интересен е тиа Свет на "хомосапиенсот".
А сега иде и Нова година и Божиќ, па едните ќе се помолат и посакат, а другите ќе чекат, оти кај нив уште ништо не се дешава (кинезите).

Моментално сум среќен, шо ете моторката е спремна да се вози, и ако по се изгледа тоа нема да се случи ваа година веќе….








BMW
80RT



